СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 април 1997 година

Скопје, април1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 66-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24 АПРИЛ 1997 г.**

Дискутанти:

Дневен ред:
-Амандманска расправа по законот за радио дифузна дејност(Зак.е донесен)

1 АРСОВСКИ БРАНКО – 16, 19,  82, 83, 127
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 61, 134
3. БАРЈАМ АМДИ – 141
4. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 9, 12, 13, 15, 16, 17, 18, 21, 22, 24, 25, 26, 27, 29, 30, 33, 34, 35, 56, 38, 39, 4о, 42, 43, 44, 45, 47, 49, 50, 52, 55, 56, 57 59, 60, 61, 63, 77, 85, 92, 100, 101, 115, 122, 123, 125, 126, 127, 128, 130, 132, 133, 135, 137, 144, 145.
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 106, 107, 119
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 33, 46, 67, 70, 71, 110, 141, 143
7. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 139
8. КАДРИУ ЗЕЌИР - 70
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ 30,43, 80, 90.
10. ИЛИЈЕВСКИ МИТКО - 64
11. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ -140
12. МИНОВ ПАЕЧО - 103, 124
13. НАСЕВ ПАНЧЕ – 97 99, 137
14. НАЧЕВСКИ МАРЈАН - 69, 140
15. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 66
16. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН – 7, 8, 1О1
17. НАУМОВСКИ ВАНЕ -146
18. ПЕТКОВСКИ ТИТСО -1, 6, 12... ( води седница )
19. ПЕЦОВ МИРКО – 62, 63, 65, 66, 139
20. ПАВЛОВ БОРИС - 75
21. РАМАДАНИ САЛИ - 13, 14, 15, 25, 26, 35, 36, 37, 39, 42, 48, 51, 53, 58, 99, 128.
22. РАМАДАНИ ХИСЕН – 5, 8, 96
23. СТРЕЗОВСКИ ЃОРЃИ - 110 (прозива )
24. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА -  68
25. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 115
26. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО -  143
27. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР -  9, 32, 75
28. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР -  33, 44
29. СТОЈАНСВСКИ ТОМИСЛАВ -  21, 23, 27, 28, 41, 49, 52, 53, 56
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 93
31. ТРАЈКОВ РИСТО - 67
32. ТАНТАРОВ ВЕЉО  - 125, 135
33.ТУДА РАМИ – 76
34. ТРАЈКОВ МИЛЧО – 144
35. ТРАЈКОВ ЉУПЧО  - 145
36. ХАСИПИ КЕНАН – 12
37. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ -  88, 90
38. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 10, 86

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 66-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 24 април 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 66-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Наум Симјановски, Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски, Зоре Темелковски и Митко Ристевски ме известија дека од оправ дави причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот за радиодифузија.

Бидејќи го заклучив општиот претрес, отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски и пратеникот Мевљан Таири поднесоа амандмани на член 13 став 5 за додавање нова точка, член 35 став 4, член 41 став 2, член 46 став 3 и на член 78 став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски и пратениците Благоја Стојковски, Никола Р. Поповски и Слободан Богдановски и пратеникот Мевљан Таири поднесоа амандман на член 7 2 за бришење на став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

I/2 сп/вц

Пратеникот Митко Илиевски на седницата на Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 7 3 со кој не се согласил претставникот на Владата.

Комисијата за сообраќај и врски и пратеникот Мевљан Таири поднесоа амандмани на член 9 став 1 и во целиот текст за замена на зборот "трговски" со зборот "комерцијални", член 11 за бришење на став 2 и на член 77 став 1 алинеја 5 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Комисијата за сообраќај и врски, пратеникот Мевљан Таири и пратениците Благоја Стојковски, Никола Р. Поповски и Слободан Богдановски поднесоа амандман на член 7 5 став 1 и за бришење на став 4 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Пратеникот Благоја Стојковски, Никола Р. Поповски, Слободан Богдановски поднесоа амандман на член 76 став 1 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 28 за менување на став 2, член 33 став 1, член 44 за бришење на став 2 и на член 76 за менување на став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 72 став 5 со кој не се согласил претставникот на Владата.

Пратениците на Либерално-демократската партија доставија амандмани на член 13 став 4, член 14 за менување на став 1, член 16 став 1, член 19 за менување на став 1, член 20 за менување на став 2, член 22, член 23 став 2, член 73 за менување на став 2, член 72 за бришење на став 2 и за менување на член 7 8 по кои Владата не се произнела.

I/3

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 2, член 5 став 1 и 2, член 8 за менување на уводната реченица, член 9 став 6, член 14 став 1, член 20 став 2 алинеја 1, член 23 став 2, член 25 за преформулирање на став 2, член 31 став 2 алинеја 6 член 35 став 1, член 44 став 1, член 45 став 3, член 64 став 1 алинеја 1, член 84 став 2, член 85 став 1 точка 6, член 88 за додавање нов став по став 1, член 94 за додавање нова точка 4 по точката 3 и за бришење на членот 95 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 17 и член 2 3 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапурцќ поднесе амандмани на член 28 став 1 и на член 75 за бришење на став 3 по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеникот Зоран Шапуриќ го повлече амандманот на член 75 за бришење на став 3.

Пратеникот Љубисав Иванов поднесе амандмани на член 18, член 40 став 1, член 51 став 1, член 55 за менување на член 56 и за бришење на член 60, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Петар Талимџиоски и Владимир Соколовски поднесоа амандмани на член 3 став 1 за менување на точка 5 и на член 23 за додавање нов став по ставот 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шаќири, Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими поднесоа амандмани на член 18 и член 73 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими поднесоа амандман на член 4

став 2, член 7, член 8 став 1 точка 3 и 13, член 9 став 4, член 13 став 4, член 14 став 1, член 16, член 19 и член 20 за бришење на член 17, за бришење на членовите од 22 до 30, член 31 став 2 точка 3, член 35 став 4, член 45 став 1,2 и 4 и член 46 став 3 за бришење на член 72 став 1, 2,3 и 4, членовите 73, 74, 75 став 4 и членовите 76, 77 и 78, за бришење на членовите 87, 89 и 93 и за менување на член 90 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 9 став 3, член 11 за бришење на став 1, член 19 за бришење на алинеја 3 член 40 став 1, член 46 за додавање нов став 3 по став 2, член 61, член 77, алинеја 4 и на член 92 за бришење на ставот 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 18 за додавање нов став 2 по став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдуљади Вејсели, Мерсел Биљали поднесоа амандмани на член 3 став 1 точка 5 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 9 за менување на став 3 член 72 за бришење на став 2, член 77 став 1 и на член 92 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандмани на член 71 став 5, член 72 став 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 7 3 за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 31 став 2 точка 3 и на член 72 став 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Марковски и Вељо Тантаров поднесоа амандман на член 77 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 9 за мену-вање на став 3 член 17 за додавање нов став 2, член 43 за додавање

нов став 2, член 46 став 2, член 65 за менување на став 2 и за додавање на нов став 3 член 77 став 1 алинеја 4 и на член 92 за бришење на став 2 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 за менување на точка 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Слободан Најдовска, Слободан Даневски, Петар Талимџиоски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

Господинот Хисен Рамадани - процедурално.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Доста размислував и мислам дека ќе покренам деликатна тема па затоа ве молам за извинување и да ја сфатите добронамерно.

Во врска со предлозите претседателот сега чита дека имаме предлози од група пратеници на Либерално-демократската партија. Јас тоа здружување на партиите го поздравувам и очекувам дека тие партии односно нивното обединување на новата Либерално-демократска партија ќе значи голем придонес во развојот на нашите демократски односи.

Меѓутоа бидејќи сме држава која плурално, парламентарно е во од во своето заокружување поставувам прашање до претседателот односно иницирам тоа малку да се види.

Дали можат пратениците на Либерално-демократската партија односно на досегашната Либерална партија со самото здружување на партиите веднаш да станат пратеници на Либерално-демократска партија

Прво, тоа деловнички не е решено, а друго има и уште некои проблеми. Демократската партија не учествуваше во вториот круг на изборите и цело време нагласува дека овој Парламент е нелегален и дека таа не го прифаќа. Сега се поставува за легалитетот на одлуките

што ги носиме овде сите заедно. И оној дел што ги прифаќаме и оној дел што го одбиваме. Само за тоа прашувам и би требало тоа да се реши од уставна и деловничка гледна точка.

По мене има две алтернативи. Или Либералната партија односно Демократската партија со ова здружување се изјави дека, дефакто, го признава легалитетот на Парламентот и дека тој полноважно носи важечки државни норми или поединечно секој од пратениците на Либералната парти да се изјасни дека сега тој ќе му припадне на таа партија заради легалитетот на одлуките, а не заради некоја друга проста формалност. Зборувам за тоа, бидејќи се работи за два политички чинители кои во чинот на изборот имаа сосема други појдовни основи и други програмски цели, а особено затоа што еден дел на сега таа здружена партија се досега легалитетот на овој Парламент не го имаат уважено. Затоа би молел, не инсистирам сега да се реши, но заради историјата на нашиот државнички парламентарен живот ова би требало да се доведе до една дефиниција, а пак да потврдам да нема друга конотација оваа дискусија сакам и јавно да им честитам и да им посакам успешна работа на оваа партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прашањето не беше до вас, прашањето беше поставено до претседателот на Собранието. И јас и како и вие сите пратеници на Собранието вчера со допис на шефот на пратеничката група на Либералнат партија бевме информирани дека од денес односно од вчера пратеничката група на Либералната партија настапува под името пратеничка група на Либерално-демократска партија. За мене како претседател на Собранието тоа е легитимно. Дали тоа значи непосредно и директно признавање на легитимитетот на ова Собрание од страна на партнерот во здружувањето тоа е сепак политичко прашање. За мене не

е спорно тоа, бидејќи се здружиле во една партија дека тој легитимитет не е спорен ниту за Демократската партија која сега настапува заедно под едно друго име единствена партија Либерално-демократска партија. Впрочем и според Уставот во Собранието се избираат пратеници, а не претставници на партии. Никаде во Уставот не се спомнуваат политички партии, се говори само за пратениците, тие можат да бидат избрани на листа на политичка партија или независни да се кандидираат. Според тоа, ако го барате моето мислење за мене не е спорно легитимирањето на Либералната партија под името пратеничка група на Либерално-демократската партија, говорам за мене и за легитимитетот на одлуките што ќе ги носи ова Собрание.

Можеме да одиме понатаму, не отвораме расправа во врска со ова, ве молам.

Г-дин Најдовски - процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Процедурално реагирам затоа што сметам дека постапката што претходно беше направена иако не знам која е целта, бидејќи беше поставена од пратеник кој исто влезе како независен пратеник, па потоа бевме известени по неколку месеци дека е како пратеник на одредена политичка партија на Партија на Албанците, тогашна Либерална што значи дека направил иста постапка.

Втора работа што сакам исто така процедурално да интервенирам сметам дека со постапката која е направена е злоупотребена говорницата за да се пласираат некои политички тези во јавноста. Сметам дека претседателот на Собранието не би требало во иднина, тоа да го дозволува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Од каде да знам што носите во главата кога ќе излезете на говорница.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе вие сигурно не можете да знаете што секој од нас носи во главата кога излегува на говорница, но сигурно кога ќе започне некој да дискутира, ако не е во согласност со темата, тогаш веќе знаете за што дискутира и можете слободно да го прекинете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам прашањето беше упатено од деловнички карактер до претседателот на Собранието заради легитимитетот на одлуките што ги носи Собранието во новонастанатата состојба и затоа јас морав да дозволам.

Процедурално г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Се извинувам, но јас два пати инсистирав дека немам лоша намера, туку напротив целта ми е еве ова претседателот што го толкува ако мисли дека произлегува од Уставот така како што го толкува јас потполно го прифаќам но мислам дека е добро еве и во оваа прилика на ваков начин да се расчистат работите. Мислам дека е тоа нормално јас тогаш мислев дека тоа право, како што ми забележа колегата можев да го искористам и го искористив, ако е така нека биде но мислам дека ние постојано легалитетот на Собранието мора да го сочуваме се додека во него делуваме. Само тоа ми беше намерата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Станковски, вие баравте деловничка, или во врска со амандманот.

Има збор г-динот Владимир Станковски.

Ве молам пред тоа дали сакате да го чуете ставот на Владата

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани пратеници. Јас ќе бидам краток бидејќи делот на амандманите, мислам поголемиот дел на амандманите од сите пратеници кои се дадени по мене се сведуваат на три-четири битни основни прашања. Другото е релевантно. Ќе се осврнам на амандманите кои ги даде Либерално-демокра' ската партија и за кои сметам дека треба накратко да ги образложам.

За првиот амандман, каде што се зборува за опфатеноста на локално ниво групата предлагачи до ЛДП предлага опфатот да биде 30% од територијата на Република Македонија.

Господа пратеници јас мислам дека демократичноста на државата се унапредува и со развојот на радиодифузијата и програмите кои се слушаат во Македонија. Мислам дека на овој начин постигнуваме преку средствата за јавно информираше гласот од Парламентот, гласот од Владата, се што се случува да допре до секоја куќа. Затоа 30% како некој показател, опфатност на локално ниво е предлог, меѓутоа дополнително дојде до некое мое размислување дека ние би требало и технички, не вака со процент територијата да ја ограничиме. Ние знаеме од технички аспект дека емитувањето и зафаќањето на површината територијата каде што се слуша било каква програма зависи од техничките капацитети на предавателите. Мислам дека не е лошо да се

размисли, иако е малку касно преку карактеристиките на предавателите на локалните предаватели ние да го дефинираме просторот кој треба да биде слушан на локално ниво. јас мислам дека е тоа најегзантна основа по која најправично би се одредило. Тоа е едно.

Што се однесува до вториот амандман ЛДП смета дека тука многу се размислуваше околу членовите на Советот. Понекогаш, не овој министер и не овие предлагачи на законот, се користи со размислувањето на разни членови на Советот на Европа и било кои стручњаци од Европа кои сугерираат и верувам со еден пристап кој е европски пристап, меѓутоа понекогаш и повеќе инсистираме на тоа дека сите се размислувања кои ги дава Советот на Европа. Јас можам да кажам дека нашиот амандман ги поткрепува токму размислувањата на Советот на Европа, па и луѓето кои се задолжени за радиодифузија, па според тоа и вашето залагање Советот да го избира и разрешува Собранието на Република Македонија, што го сметаме како најлогично и најдемократично со тоа да двотретинското мнозинство биле критериум за избор во Парламентот.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Точката 5 од членот 3 став 1 е доста нејасна бидејќи е ставено дека локално ниво е ниво на емитување на радиодифузна програма на подрачјето на општина или град Скопје со нивната околија. Ова е за нас доста нејасна категорија. Кажавме и во општиот претрес дека со новата територијална поделба имаме сосема различни општини и по големина и по население и по површина и овој амандман барем до некаде го појаснува локалното ниво, бидејќи кажува дека 30% е локална телевизија, односно локална радиостаница.

Сметаме дека овој амандман би требало да се прифати бидејќи не може механички, со нож да се пресече прием на една радио и ТВ програма. Вака како што е кажано навистина не се знае што е тоа подрачјето. Ако е само општина што е. Што ќе прави една радиодифузна станица ако нејзината програма зафаќа на територија на друга општина. Ке одговара ли затоа што нејзиниот прием е таму или со нож, или некои средства ќе успееме да ја спречиме таа програма. Затоа сметаме дека треба да се разграничи што е локално, што е национално ниво а сепак разликата 30% на територија од 70% е доволна гаранција дека локалната телевизија нема да биде исто, односно локална радиостаница, она што е со национална телевизија. Затоа сметаме дека овој амандман, можеби е дискутабилен процентот, меѓутоа во секој случај вака како што е точката 5 од членот 3 став 1 е доста нејасна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој) Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 за менување на точка 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Петар Талимџиоски и Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 точка 5 поднесен до пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/4.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман се однесува на истиот член и на истата точка, па според тоа Владата има став по тоа прашаше и амандманот не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Г-динот Хасипи, бара процедурално.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Ја само една минута, можеби првпат на овој Парламент кога е во прашање амнамданска рапсрава.

Би го прашал претседателот постои ли можност понудените амандмани да се прочитаат, од причина што јавноста ги прати. Вака добиваат само нумерички показатели, амандман на тој и тој член без да ја знаат содржината.

Второ, постојано во текот на расправата пристигнуваат амандмани и ви тврдам дека голем дел од пратениците, вклучувајќи ме и мене во одредени моменти не знаеме за кој амандман расправаме.

Ќе ве молам, ако не на оваа седница во иднина да обрнеме внимание за една ваква можност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислам дека навистина што се однесува до гледачите што ја следат седницата тоа е корисно, меѓутоа овде одлучува Собранието и пред се пратениците мораат до крај да внимаваат, да ги имаат во вид и амандманите и нивната содржина при конечното одлучување. Но, ако го практикуваме ова, ова не е наша деловничка обврска, мислам г-динот Хасипи што го предлага, веројатно седницата ќе трае многу, многу можеби трипати подолго отколку во ваква состојба.

II/5.-

Но ова можеби би била добра идеја кога ќе расправаме по новиот деловникот на Собранието, се надевам наскоро ќе влезе во собраниска процедура, па тогаш за ова прашање би можеле да разговараме на Собранието.

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 точка 5 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, член 7, член 8 став 1 точка 3 и 13 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде. Рами Туда, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Уште на стартот, како што изјавив и вчера другарот господин министер прва и тоа многу голема кардинална грешка.

За овие амандмани ние некако ги собравме заедно затоа што се работи за една иста или слична материја и ништо повеќе не бараме него тоа што стои во тие одредени членови од страна на предлагачот да се додава тоа што ние го ратификувавме тука во тие конвенции и што ништо не смета. Значи без разлика на национална верска партиска или друга припадност. Значи Владата и министерот се определуваат за разлика во тој поглед. Видете што е правна теорија и како паднавме веднаш на испитот право. Ве молам, значи тоа више ви смета. И во

Уставот стои и во тие конвенции само додаваме, па бидејќи додава една парламентарна група која е права опозиција и се знае дека ќе го браниме тоа априори се негира. Тоа не е наша грешка туку ваша.

Уште една работа кога овој Парламент каков таков ги признава ги прифаќа нашите амандмани ние не се гордееме другари. Ние напротив се гордееме кога ги прифаќаат. Тогаш јас одам горд од оваа сала затоа што ниту очекувам повеќе но нашето е да го кажеме нашето и ништо повеќе. Инаку тоа ќе остане ќе дојде друг парламент утре.

И само нешто да додадам, тоа што сме го напишале во образложението. Во секојдневната практика, не само за времето на едноумието на таканареченото социјалистичко општествено уредување со полавековнотсо владеење, значи рековме тука за жал и ден денес се соочуваме со не- слободен пристап кон информациите скратување, па и оневозможување на правото на одговор и на исправка. Тоа што го рековме вчера на говорница точно преку овие радио-дифузии организации, како што е радио-телевизијата на Република Македонија, тоа за мене е негативно, тоа се повторува кога дефилираат и 20 пратеници, дури ниту името на пратеникот на нашата парламентарна група и на мојата партија за демократски просперитет на албанците ниту се спомнува. Вие од седма сила, морам да кажам уште еден пат вие сте седма сила, но мојата партија мојата парламентарна група и јас ние сме прва сила да ви биде јасно. И најблагоречено, се извинувам...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте за новинарите.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И 20 пратеници да дефилираат, значи само еден да се изостане тоа не е ништо помалку него фашизам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немате право да разговарате со новинарите. Надвор од салата можете. Ве молам немојте за тоа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ве молам кога одам на место претседавачот секогаш нешто нафрлува. Немојте затоа што јас сум народен пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како да ви дозволам кога тоа деловникот мене не ми го дозволува. Тоа надвор викајте си конференција за новинари а овде со пратениците ќе разговарате и на Собранието ќе му се обраќате.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2 член 7, член 8 став 1, точка 3 и 13, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда. Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 и во целиот текст за замена на зборот "трговски" со зборот "комерцијални" поднесен до Комисијата за сообраќај и врски и пратеникот Мевљан Тахири

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи имаме закон за трговски друштва, имаме поставено терминологија за обавување на ваков вид на дејност според која што го имаме тоа наречено закон за трговски друштва, а не комерцијални, па според тоа ова е само усогласување со претходно донесените закони.

II/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 и во целиот текст за замена на зборот "трговски" со зборот "комерцијални" поднесен од Комисијата за сообраќај и врски и пратеникот Мевљан Тахири.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски и пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека и вчера во општата расправа имаше многу дискутанти кои на некој начин го поддржуваа овој амандман. Тој има своја намера бидејќи се однесува за локалните радио дифузни станици кои на некој начин треба да обезбедиме една поголема сигурност во нивното работење и целата состојба беше ако се исфрлат од членот 9 став 3 овие радиодифузини организации кои долго време работат, имаат голема историја, а да не кажам имаат доста потрошено материјални средства, а кои биле во функција на едно квалитетно информирање на граѓаните се покажале како квалитетни досега и послужиле дури и во оној период кога се создаваше државата, овие радиодифузни организации ја одиграа главната ролја и во таа смисла мислам дека со исфрлање на овие радиодифузни организации од Македонската телевизија, заедничко финансирање итн., ќе направиме едно големо зло од причини што со формирањето на новите локални самоуправи кои знаете на кој начин се финансираат имаат голема можност да пропаднат

и да не можат да опстојат. Во таа насока сметам дека ќе биде рационално во овој преоден период додека се создадат поквалитетни услови за материјално работење на овие организации кои во Република Македонија постојат околу 29 а во секој град тие покажале еден голем квалитет во информирањето мислам дека е рационално и паметно да го поддржиме овој амандман со единствена цел да придонесеме овие локални организации да останат и квалитетно работат. Јас само еден пример ќе ви кажам дека во кумановските услови радио станицата односно локалната радиодифузна организација е многу квалитетно и во тој однос дава извонредно квалитетни информации. Ако ви кажам дека е најгледаната радио телевизија и слушано радио-Куманово во нашата средина ќе ви кажам дека таа практично покажа и докажа дека државата што вложила материјални средства за нејзиното опстојување ги оправдала на еден квалитетен и индиректен начин така да граѓаните во Куманово не е ретко кога доаѓа. 7 часот навечер сите се пред телевизиските камери и ги слушаат вестите на телевизија Куманово со една единствена цел да бидат правилно информирани. Почнувајќи до ова сега со локалната самоуправа и она што значи градски совет што значи градоначалникот, што значи работата, дури и Парламентот мислам дека многу важно да ние практично како пратеници го поддржиме овој амандман со единствена цел секој во својата средина да даде поддршка овие локални радиостаници да опстојат. Во таа смисла ги молам пратениците да го сфатат овој амандман не како најголемо решение, туку во еден преоден период би бил многу квалитетен и би бил рационален за овие радиодифузни организации од локално ниво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ние и во текот на вчерашниот ден во расправата посебно внимание посветивме на третманот на јавната радиодифузија на локално ниво.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас се обидов вчера, а ќе се обидам и денес, ќе се обидам накратко и денес да кажам дека никој не го доведува во прашање опстојувањето на јавната радиодифузија на локално ниво, особено не од она што беше овде споменато како опасност да не се обезбедуваат финансиски средства за нивно опстојување и нивно функционирање. Напротив, една од придобивките на законот е што во рамките на критериумите за распределба на средства се обезбедува цврст извор за финансирање на јавната радиодифузија на локално ниво и параметрите кои се вградени во законот одговараат на вкупно потребните средства кои тие сега ги добиваат. Јас и вчера кажав и денес ќе повторам,паралелен систем на јавно информирање е голем луксуз за Република Македонија, уште повеќе кога секој систем на јавно информирање треба да се димензионира на нивоа. Тоа го правиме со законот, едното е државно ниво, а другото е локално ниво. Со определувањето на локално ни- во ние само ги оживотворуваме надлежностите кои се на локалната самоуправа и го верифицираме нејзиниот оригинален однос и кон оваа сфера во рамките на локалната самоуправа и со тоа само го потврдуваме субјективитетот кои овие локални радиостаници во изминатиот период како информативни куќи кои обезбедувале квалитет во реализација на нивната програма го потврдиле.

Инаку, за појасно да биде, тие никогаш и не биле во системот на Македонската радио-телевизија, но успешно соработувале со Македонска радио телевизија во делот на една од програмите на македонското радио, во таканаречената емисија на здружени локални радиостаници во Република Македонија. Со законот никој не го ограничува правото за натамошна соработка меѓу овие две јавни нивоа на радиодифузија. Напротив, ние со законот ја овозможуваме таа соработка,

дури ја концентрираме во делот на интересот кој што локалните радио - станици за одредени програми на македонското радио ќе го пројават да го преземат, а тоа можат да го преземат.

На крајот да кажам дека ние имавме и посебен однос во однос на постојните локални радиостаници, со тоа што предвидовме во преодните и завршните одредби оние кои сега постојат, локалните самоуправи на општините и градот да ги третираат како јавни локални радиостаници на тоа ниво и во рамките на тоа да ги усогласат нивните нормативни акти со верификација на субјективитетот на јавната радиодифузија на локално ниво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мојата намера не беше да ја девалвирам Македонската телевизија. Напротив сакам да укажам дека и локалните радиодифузни организации и Македонската телевизија досега имале извонредна соработка. Досегашната организација и законското решение меѓу сите овие 29 локални радиодифузни станици и Македонската телевизија ништо немале проблем во однос на нивното финансирање, така што ако остане ова решение во овој преоден период додека се создадат условите, мислам дека нема да погрешиме ако го прифатиме овој амандман.

Во таа насока, го молам министерот да сфати дека јас немам намера да ја девалвирам соработката меѓу Македонската телевизија и локалните. Таа постоела, туку напротив, тој систем квалитетно да истрае, меѓутоа да имаме еден преоден период од неколку години. Знаете, во сите системи ние направивме една радикална промена и дојдовме во многу незгодна ситуација и со трансформацијата во другите

дејности, така што мислам дека овие локални радиодифузни организации ќе се најдат во многу незгодна состојба, затоа што сега немаме една општествено - политичка заедница, која своевремено стоеше зад овие локални радиодифузни организации со конкретно финансирање, а да не кажам Социјалистичкиот сојуз итн., бидејќи имаа сигурни извори на средства. Би било парадоксално сега да дојдеме во позиција еден поголем дел од овие радиодифузни организации да пропаднат, да немаме такви информативни гласила, а да ви кажам дека тоа се извонредно квалитетни радиодифузни организации во средината во која ние живееме, почнувајќи од секоја општина во која се наоѓаме. Инаку, Македонската телевизија, тоа е државна телевизија, јас ја почитувам и таа треба да се доградува и дури да и се обезбедат уште подобри услови за нејзината работа, имајќи предвид дека и тие се наоѓаат во една многу лоша материјална состојба. Во таа насока сакав да кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

Практично, истиот амандман е, само поднесен од друг пратеник.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, колегата Бранко Арсовски ја објасни суштината на амандманот, а јас само ќе се обидам да дообјаснам и можеби да влијаам или ние да го изгласаме амандманот или можеби министерот сега после ова мое дообјаснување ќе сфати дека не се работи за нешто исфорсирано и прекуредно.

Имено, во амандманот се предлага во ставот 3 на членот 9 основањето, дејноста и организацијата на јавното радиодифузно претпријатие на Република Македонија, значи Македонската радио-телевизија во која спаѓа македонското радио, да се додаде и постојните локални радио станици, основани според одредбите на Законот за радиодифузија од 1974 година, да се уреди со закон". Значи ние денес не донесуваме одлука дека овие локални радиодифузни станици односно нивната судбина ја решаваме. Оставаме простор со законот со кој ќе се уреди Македонската радиотелевизија овие локални радиостаници, во соработка со таа државна јавна радиодифузија, да изнајдат начин при донесувањето на овој закон за соработка, вградување, па дури еден интегрален систем, значи, денес ние не решаваме, туку велиме со тој закон со кој ќе се уредат овие односи, да влезат во него, во комбинацијата да се даде една можност во овој временски период што претстои да се уреди и статусот на овие локални

радиостаници, се разбира ако за тоа пред се изнајде интерес и Македонската радиотелевизија, господине министре. Даваме едно време, даваме еден период да видиме на крајот на краиштата, овој закон ќе заживее, тие локални радиостаници работат, ќе се подготвува законот за Македонската радиотелевизија како единствено јавно претпријатие и можеби овие 29 радиостаници ќе значат дури една предност во она што значи гласот на македонското радио да се чуе што поквалитетно и подалеку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Едноставно со законот за Македонската радиотелевизија ќе се уреди работењето, односно прво основањето и работењето на Македонската радиотелевизија и тоа на државно ниво. Не знам зошто се обидуваме да не прифатиме една фактичка состојба, која што ние сме ја креирале со законската регулатива и која како таква треба да заживее во нашиот систем. А таа фактичка состојба е следната.

Ние со Законот за локална самоуправа сме ги определиле нормите по кои треба да заживее локалната самоуправа. Во рамките на тоа сме ги определиле и изворните надлежности на локалната самоуправа. Една од изворните надлежности е и јавното информирање како можност за да го уредува таа тоа. Тоа е голема обврска која што треба да ја средиме така во овој закон за да не го одземеме ова право, бидејќи изворните надлежности се исклучиви и тие се оригинарни.

Со овој закон комплетно се уредува идното функционирање и извршување на радиодифузна дејност од јавен карактер на локално ниво. Според тоа, ни предлагачот, ни крајно текстот на законот не ги

доведува во опасност натамошните активности на тие локални радио-дифузни претпријатија или трговски друштва, како ги нарековме со законот, така што обидот да објасниме една потреба која што крајно се насочува во воспоставување на паралелен систем на јавната радио-дифузија, ние применуваме и изрази кои се на линија дека некој сака да ги ограничи нивните активности во наредниот период. Не, некој сака да ги верифицира нивните досегашни постигнувања и да ги лоцира правата и надлежностите на локалната заедница онакви какви што се во законската регулатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали ќе се смета господине министре за паралелен систем ако некоја од сегашните приватни, да ги речам телевизиски куќи ги исполни критериумите на законот, со тек на време да го надмине оној цензус што вие го предвидовде од 7 0% и дали тогаш таа куќа ќе биде паралелен систем на она што ќе го донесеме со закон како Македонска радиотелевизија. Сигурно не. Велиме конкурентност, велиме техничко доопремување, зборуваме за рационалност, за штедење.

Второ потпрашање што би рекол, дали ќе се забрани конкретно на делот на Македонската радиотелевизија со законот што ќе се донесе, на делот што го викаме македонско радио под своја капа на пример да го преземе радио Дебар, радио Струга, радио Охрид или да речеме радио Струмица, како рабни подрачја или гранични појаси, поради одредени интереси. Или да речеме радио Гевгелија, каде што имаме информација дека се слушаат десетина грчки радиостаници а македонското радио не може да се чуе подалеку. Дали ќе се дозволи една таква можност, за да не се нарушат ингеренциите на локалната само- управа.

III/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Кога зборував за паралелен систем, зборував за систем во јавната радиодифузија. Ги мешаме поимите. Напротив, со законот ние сакаме и да поттикнеме развој на радиодифузијата во рамките на она што ќе< го обавуваат трговските радиодифузни друштва на државно ниво и по тој основ да создадеме конкуренција. Меѓутоа, станува збор конкретно за радиодифузија. Токму за да се оневозможи таа опасност за Македонската радиотелевизија ги апсорбира во себе радио Дебар или радио Струмица, затоа ја лоцираме надлежноста на локално ниво, за да не ги одземе, затоа што во спротивно локалната заедница би требало, бидејќи е изворно право, да формира нова јавна радио- дифузна организација на локално ниво. Сега се обидуваме да ја решиме судбината на овие 29, со тоа што нив на некој начин треба да ги вклучиме во системот на Македонската радиотелевизија. Тоа не е корисно за граѓаните од локалната управа, затоа што и досега тие не постоеја како такви, ниту со овој закон се предвидува. Напротив, се лоцираат правата и надлежностите на нивоа на кои се определуваме со законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

III/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 4, член 13 став 4 и член 14 став 1, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Благодарам што не се прифаќа, меѓутоа, на она што е напишано во образложението накратко уште ќе додадам и тоа писмено.

Во нашата интервенција се работи за јавни радиодифузни претпријатија кои вршат дејност на локално ниво. Додавам, истото важи и за трговските радиодифузни друштва, па затоа и согласноста и концесијата, како и распишувањето на конкурсот за вршење на радио-дифузна дејност треба да биде во надлежност на општините, каде се наоѓа седиштето на истите, а тоа значи и децентрализација на централната власт, што би било во духот на денешниот современ демократски свет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Бузлевски.

III/9.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Радиодифузниот спектар е единствен на ниво на држава и како таков тој е усогласен со стандардите кои што се регулирани со Меѓународната конвенција за радиодифузија и со единствениот фреквентен генерален план кој што е изработен и по кој треба да се обавува оваа дејност, а исто така и со планот за намена на радиофреквенциите. Според тоа, ние го имаме капацитетот ограничен и правото на регулирање од технички аспект на она што значи можност за добивање на концесија, а претходно на фреквенција е на државно ниво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тие меѓународни конвенции вие ги прекршувате секојдневно. Второ, тие забелешки кои ви се доставуваат од Советот на Европа и други организации вие ги сокривате од нас во јавноста. Затоа предлагам во иднина да ни ги доставите точно текстовите и на македонски и на странски јазик па да видиме кое како е и што е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата, господинот Бузлевски, да се произнесе.

IV/1 ПЈ/ЛБ

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАВНОВСКИ:**

Со амандманот се предлага , на ставот 1 под членот 11 кој ограничува правни и физички лица , чија дејност е област ана печатот, да не можат да основаат организации кои што ќе се бават со радиодифузна дејност. Сметам дека ваквото ограничување не е вред, дури напротив сметам дека она што значи рационалност и штедење со овој став се доведуваат во спротивност, во колизија. Логика е дека една моќна издавачка куќа било која и обратно со својот состав новинари, уредници дописништва и тн. може да го збогатува радиодифуузниот систем во државата. Ваква пракса има во светот и мислам дека овој став не треба да ја ограничува оваа дејност. Зборуваме за квалитет и да не заборавиме едно, сепак , Македонија е мала земја, сиромашна мора да признаеме, и дека ние не можеме да имаме дописници од сите светски центри. Ние не можеме да испраќаме екипи само за еднократна намена или примена и мислам дури напратив дека една ваква можност дури и организации од областа на печатот имаат радио и телевизија и слично значи многу во она што ние како граѓани сите го посакуваме, праворемено и квалитетно информираше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Кога се разгледуваше предлогот за донесување на закон, тоа беше во јуни, а во мај беа комисиските расправи , Собранието со посебен заклучок не задолжи како предлагачи да ги имаме предвид расправите кои што беа водени во рамките на работните тела на Собранието на РМ.

IV/2

Тоа е конкретен заклучок, кој што ние го почитувавме, а во еден од извештаите на една комисија, конкретно на Комисијата за политички систем стои јасно дека предлагачот би требало да предвиди,, а со тоа и да ги оневозможи иден спој на печатените и електронските медиуми. Тоа е вградено во извештајот од Комисијата за политички систем. Ние со активен однос кон дискусиите и материјалите кои што произлегоа од тие расправии отидовме на доработка на законот и тоа го акцептиравме како конкретно, конструктивно решение.

Инаку, само да ги отстраниме дилемите, нема генерален однос кон ова прашање. Секоја земја си го уредува на начин на кој што таа смета дека треба да си го урди. Имаме пракса каде се допуштени вакви хоризо-нтални ширења или мултимедијалност, имаме пракса каде што не се допуштени. Ние респектирајќи го првото се определивме на ова решен

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г-дин Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине министре, ги почитувам информациите со кои вие располагате, нормално дека се пошироки и побогати, меѓутоа не можам да се сложам не само со вашето објаснување туку со многу ваши колеги, министри од Европа од Запад што ви конвенира како предлагачи да ни го предложите, го проставуваме априори да го прифатиме, затоа што е и така решено. Таму каде што има алтернативи, каде што има и вакви можности, кои што значат и мултимедијалност итн. априори ги отфрламе Мислам дека ако имаме концепт дека прифаќаме таму она што значи и демократичност и поширок фронт на информирање, вие зборувате за монопол. Зборувате, сигурно за опасност од концентрација од силна моќ. Најмалку јас, како Томислав Стојановски-Бомбај, како претставник, како пратеник од Демократската партија на Македонија имам причина да бидам на едната или на другата страна. Нема причина, затоа што немам моќ на ниту еден медиум.

Не сум член на ниту еден управен одбор во државата и до денеска не сум поминал подалеку од Скопје на овој законодавен дом и оваа држава.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Конкретно за овој амандман по однос на член 11 и став 1 јас не спомнав Совет на Европа, јас спомнав извештај од Комисија за политички систем на Собрание на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање. Молам кој е за да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 2 поднесен од Комисијата за сообраќај и врски и пратеникот Мевљан Таири.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не го прифаќа Владата амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставан на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 , став 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БЗЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа овој амандман заедно со уште неколку други зборува за самата суштина на законот. До колку не поминат амандманот кој треба да ги промени односите во врска со доделувањето на концесиите за вршење на радиодифузна дејност, доколку не помине амандманот за надлежностите на Советот за радиодифузија, амандманот за начинот за избор на членовите на Советот за радиодифузија и за висината на претплатата мислам дека овој состав на Парламентот ќе направи голема грешка, пред се, заради првите два што ги спомнав. Впрочем Уставот на РМ воопшто не забранува концесии да може да издаваат и други надлежни органи во државата, освен Владата. До колку Владата има добра волја, јас не сум сигурен дека такви овластувања има министерот тоа да го направи на оваа седница и до колку навистина сака да има демократски поглед врз уредувањето на оваа многу значајна област во РМ , може да направи добра волја односно гест на добра волја да го прифати амандманот со една обврска после тоа да направиме интервенции во Законот за доделување на концесии, за да може да се направи исклучок Советот за радиодифузија да може да ги доделува концесиите,а не да предлага на Владата, а Владата да одлучува. Велам дека е огромна суштината на овој амандман од следните причини.

Јас се извинувам на Македонската радиотелевизија што ќе ја спомнам во една негативна смисла, меѓутоа, ќе ве потсетам дека Советот на Европа односно нивната експертска група во извештајот што го даде на независноста на медиумите во РМ од 4 октомври од минатата година, експлицитно наведе дека македонската радио телевизија не е независна од Владата, односно дека е под големо влијание во уредувачката политика од Владата на РМ.

Сметам дека до колку остане оваа одредба така како што е напишана во Владата, ние уште долг период напред нема да имаме вистинско независно и објективно новинарство во сферата на радиодифузните организации, затоа што се даваат големи овластувања на Владата а не на Советот за радиодифузија како независно експертско тело кое ќе биде независно и неполитичко да одлучува по сопствено убедување за тоа на кого ќе му даде право со давањето на концесија за вршење на радиодифузна дејност, односно на кого нема да му го даде тоа право врз основа на некои свои критериуми и убедувања без разлика што ќе предложи советот за радиодифузија. Јас сметам дека, сепак, Владата би требало да направи напор да го согледа ова, односно да ги согледа штетните последици на предлагањето на ваква одредба каква што е ставена сега во Законот за радиодифузна дејност. Впрочем, тоа потполно кореспондира и со забелешките што вчера јас ги кажував од експертската група од Советот на Европа, која тврди дека според позитивната Европска законска регулатива, вакво решение скоро и да нема во ниедна европска држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Владимир Станоковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас само едно кратко надополнување на ова излагање на г-динот Стојковски. Сметам дека она што беше речено за Советот дека треба да биде едно независно тело во потполност не само што го поддржува Либералната демократска партија, туку јас бев присутен на една средба не многу одамна, тоа беше пред две недели со експерти од Европа кои се задолжени за радиодифузии и се што е со јавните гласила каде што беше изречена истата теза дека во Европа не постои совет кој е под капа на Владата и било која друга институција. А квалитет во демократичноста е нејзината независност. Мислам дека овде не треба да се делиме на партии или да се ставаме во улога која е актуелна власт, да не бидеме оптоварени со тоа. Ние мораме да донесеме еден закон односно амандман односно да го прифатиме кој ќе кореспондира со европските процеси. Значи, би требало сите така да го разбереме тоа и да гласаме. Советот како збир на интелектуалци , на луѓе кои значат нешто во таа држава да донесува одлука и да не бидат под ниедна капа и да одлучува самостојно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Господин Бузлевски.

IV/7

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г.дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Амандманот , став 14 "Конкурсот за вршење на радиодифузна мрежа го распишува Советот за радиодифузија" мислев дека е исто во контекст на она што се говореше да се даде поголема слобода на Советот на радиодифузија. Во тој контекст и ова да му припаѓа на Советот при одлучување. Бидејќи Советот може и треба, конкурсот за распределбата на радиодифузната мрежа, да му се даде на Советот. Затоа што она што го кажуваше министерот во духот дека ете сме прифатиле многу од Европа му даваме многу голема слобода, испаѓа дека Советот е таму помошно тело, советодавно, а не одлучува. Мислам дека треба да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници на Владата, почитувани колеги. Сметам дека и овој амандман е во низата амандмани кои се предложени од пратеничката на Либерално-демократската партија, која прави обид овој совет навистина да го направи како независно тело. Независно тело кое ќе работи без било какви политички или да кажам коалициски влијанија во текот на неговата работа односно во текот на она што тој треба да го решава.

Имено, во членот 23 став 1 јасно стои дека Советот треба да биде независно тело. Во ставот 1 тоа е јасно кажано. Меѓутоа, ако во низата на овие амандмани кои ние ги предлагаме а инсистираме на неговата независност, сметам дека практично доаѓа во коализија директно членот 23 и ставот 1 каде што се вели дека тоа е практично независно тело, кое треба независно и да функционира. Токму за тоа ланецот на овие амандмани што овие сега ги предлагаме, сега пак ќе повторам имаат јасна тенденција да ја дефинираат неговата независнот. Сметам дека од овој аспект треба да се прифати и овој амандман и овие што следат, затоа што на овој начин навистина во духот на членот 23, ставот 1 тој Совет ќе добие независна улога односно ќе овозможи да функционира независно, како што и практично е во другите земји и постои едно искуство од таков аспект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Молам претставникот на Владата да се проихесе.

Г -дин Бузлевски

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16, член 19 и на член 2 0 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г.дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Дали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Затоа и ќе падне оваа Влада, нормално. На она што е веќе напишано многу накратно. Ние сметаме дека не треба да постои никаков совет на републичко ниво кој ја предлага, ниту пак централната извршна власт да доделува, одзема или обновува концесија за радиодифузија, односно одлучни сме радиодифузните претпријатија да бидат потполно самостојни и сами да предлагаат и бираат свои соодветни органи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? ( 5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Сали има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ**

Па, да постои амандман поднесен од Владата на владеачката партија, само да има многу амандмани и да има заборавено дека се нивни, а да стои нашиот потпис, сигурен сум дека Владата таков амандман нема да прифаќа.

V/1.-ДВ/ОМ

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Само да додадам на она што е напишано, да не повторувам.

Според предлагачот на трговско радиодифузно друштво за вршење на радиодифузна дејност на територијата на РМ може да се даде само една концесија за радио и ТВ, а за вршење на радиодифузните дејности на локално ниво на различни не соседни подрачја може да се даваат најмалку две концесии, една за радио и една за телевизија. Тоа е не само апсурдно туку е и за секакво осудување. Овој предложен член може нарече член на ограничување, контроверзен член и не ќе може да се применува никогаш во практиката.

Во Република Македонија мора да се дадат најмалку три концесии на три трговско-радио дифузни друштва и тоа една за изведување на програмата на албански јазик. Втората на македонски јазик и третата на јазиците на другите национални колективитети. Додека на локално ниво, на пример само таму каде албанците се во мнозинство, или во релативен број , во секоја општина најмалку само на албански јазик по две концесии. Тоа значи, само во Кичево засега функционираат две, додека во иднина треба да имаме најмалку шест од нив само на албански јазик. Затоа сето тоа треба да се остави да го решаваат самостојно локалните власти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

V/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање нов став 2 , поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Љубисав Иванов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратениците Хисни Шаќири, Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

V/3.-

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве сум во состојба да бранам еден амандман на мој колега кој не е присутен.

Освен тоа што го има напишано мојот колега г-динот Хисни Шакири во своето образложение дека амандманот се предлага заради обезбедување на најразлични и најсоодветна постапка за издавање концесија за вршење на радиодифузна дејност на територијата на Република Македонија за трговско радиодифузно друштво, ако обезбеди опфат на слушаност односно гледаност најмалку 30% од територијата на РМ. Јас би додал дека санкционирањето во член 18 , што најмалку 70% е намерно односно злонамерно ограничување за да не се добие концесијата, да не ја добие ниедно трговско радиодифузно друштво, или што помал број, а тоа на самоволен начин со злоупотреба на предлагачот односно извршната власт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

V/4.-

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додавање нов став 2 по став 1 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на алинеја 3, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

V/5.-

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој став е предвидено дека Владата може да ја одземе дадената концесија ако настапила смрт на концесионерот и носителот на дозвола за работа. Мислам дека во едни вакви односи законот не треба да влегува, бидејќи се работи за правна материја, регулирана со она што значи оснувач, со основач, она што значи капитал, она што значи здружување и второ сега внесува конфузија.

Дали, ако настапила смрт само на еден од овие субјекти може да се одземе концесијата, или , недај боже ако и двајцата починат во исто време. Не е јасно тоа и затоа е мојот предлог овој став воопшто да не се регулир ана овој начин. Тоа си се регулира со она што значат правнимотни односи.

Во членот 10 ставена е одредба дека соосновачот може да учествува со најмногу 25% од основачкиот капитал. Тоа значи дека теоретски може да бидат и четворица концесионери, така да, нормално, правото на концесија и по смртта на некој од нив продолжува на тие што заедно го основале тоа претпријатие, таа фирма, тоа трговско друштво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член. 2 0 за менување на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и .Слободан Најдовски.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

V/6.-

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите од 22 до 30, поднесени од пратениците Сали Рамадани, Наџи Фурде, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Видете што значи силна партија, силна пратеничка група. Бришеме цел совет за радиодифузија, а ние сме опозиција и тоа права.

Тоа што е речено на кратко, постоењето на Советот за радиодифузија на републичко ниво значи потоплен хаос, ограничување, рестриктивност, централизам и спречување на радиодифузната дејност и додаваме при секое јавно радиодифузно претпријатие и трговско радиодифузно друштво треба да се конституира координационен одбор или совет на локално односно регионално ниво за координација, по успешна работа и поквалитетна дејност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапурик, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој) Предлагачите го повлекуваат амандманот.

отворам претрес по амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Овој амандман го предложивме заради одредбите од ставот 3 на членот 2 3 затоа што сметавме, доколку во Советот треба да има рамно-правна застапеност односно соодветна застапеност? и на припадниците на националностите во РМ дека би било добро бројот на членовите на Советот да се зголеми. Тоа е единствената аргументација и причина затоа што сметаме дека нема да одговара овој број од 9 члена доколку

треба да бидат соодветно застапени сите припадници на малцинствата во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 аз додавање нов став по ставот 3, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Петар Талинџиевски и Владимир Соколовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Суштината ан амандманот беше да се овозможи подемократски пристап кон бирањето ан Советот во Парламентот бидејќи парламентот го назначува и го разрешува. Имено предлагаме Советот да се бира со двотретинско мнозинство наместо што беше кажано во членот дека е со просто мнозинство. Ова го бараме од аспект поради структурата на

сегашниот Парламент па и идниот Парламент, и на сите парламенти. Сметаме дека треба да постои некаков консензус меѓу сите политички партии кои имаат свои претставници во Парламентот за да овозможат најдобар избор на овој совет од аспект на членовите за да се овозможи неговата поефикасна и подобра функција. Затоа сметавме и предлагаме сепак со двотретинско мнозинство да се бира овој совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Шапуриќ го повлекува амандманот. Процедурално прашање сака да постави г-динот Слободан Даневски.

V/10 . -

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе работиме со 40 пратеници .

Дали сите амандмани што досега се одбија или поминаа, се валидни или не се валидни.

Барам толкување од претседателот .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Постојано некој влегува и излегува и јас во таков случај треба при секое читање да треба да бројам колку пратеници излегуваат а колку влегуваат во салата.

Молам, колку пратеници се присутни во салата.

Во салата се присутни 53 пратеници.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

VI/1 JM/НД

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот.)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 точка 3, поднесен од пратениците Сали Рамадани,Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 точка 3, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 4 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

За овие неполни три години не е прв амандман, туку можеби десетти кој е прифатен, меѓутоа индиректно преку комисии, главно тие беа мои амандмани и досега, не е прв. Тоа значи дека Владата не само што не предлага добри закони, туку не ја познава ни својата македонска граматика. Во прашање беше зборот наместо "неа", "Република Македонија' Тоа е добро. Меѓутоа, уште една друга нелогичност има и во членот 35 став 4. Има ли смисла да во овој член став 4 "филмовите и другите емисии што можат штетно да влијаат врз психофизичкиот развој на децата и младината можат да се прикажуваат само помеѓу 23,00 - 06,00 часот". Нашата интервенција е само со еден мал збор пред "можат", "не". Значи не можат и тоа само помеѓу 2 3,00 и 06,00 часот се брише. Ве молам ако се прикажуваат филмови и други емисии што можат штетно да влијаат негативно, едукативно врз психофизичкиот развој на децата и младината тоа не се однесува само на албанците туку на целата младина во Република Македонија и помеѓу 23,00 и 06,00 часот. Тие исто така и од радозналост ќе ги гледаат и тоа за време што повеќе и со уште поголем интерес и радозналост, и тоа кога утредента ќе имаат настава и ќе биде работен ден. Значи ова е нелогично. Тоа нема смисла. Го прифати, или не тоа е голема грешка. Па моите деца ќе останат и учење и утредента ќе ја следат цела Европа и Америка преку Евровизија и тн. Ако не го прифатиш значи си против децата, против младината, против своите луѓе, против с§ што е во Македонија младо. Нема смисла, нема логика. Затоа сум работел за овој закон најмалку 15 дена, па интервенираме скоро и негираме околу половината, околу 40 членови. Значи ние сме навистина и силна и јака партија и како група, а богами и како пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1 поднесен од пратеникот Љубисав Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Чување на снимките 30 дена за голем број на субјекти ќе биде огромен материјален трошок. Затоа предлагам чувањето на снимките да биде обврска 15 дена мислам еден рационален рок да може да се интервенира да се реплицира и сепак во однос на 30 дена значи обврска

намалена за половина. Замислете вие 30 дена да се чуваат сите снимки сепак е огромен трошок, да се разбереме и сите ги немаат тие услови што ги има не само во финансиски поглед, треба соодветен простор и за чување за да има таа снимка квалитет. Ако веќе 8 дена навистина се малку, мислам дека 15 дена треба да го прифатите како рационален предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Панче Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1, 2 и 4 и на член 46 став 3 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа не, претставникот на извршната власт веќе го научил на памет и не греши тука. Овие членови кои ги негираме исто така има врска повеќе со правата на јазиците и бараме нормално да се нормира да барем еден канал биде на албански јазик, вториот на пример и другите за другите национални колективитети. Тоа што е напишано накратко да не го повторувам.Го имате во образложението само да додадам нешто. Имено се поставува прашањето зошто радиодифузната програма, радиодифузните организации ја изведуваат само на македонски јазик. Зошто споредно се вели јавното радиодифузно претпријатие што емитува програма на територијата на Република Македонија покрај на македонски јазик емитува програми и на јазиците на националностите. Дури и за трговските радио-дифузни друштва се условува покрај емитувањето на програмите на македонски јазик со алтернатива дека можат т.е. дискутабилно да емитуваат програми и на јазиците на националностите. А тоа значи во зависност од нечија волја и диктат т.е. на висмајор, виша сила.

И на крајот и на програмите што не се преведуваат се најавуваат и на македонски јазик, а не и на албански јазик и на јазиците на другите национални колективитети. Каде е тука спроведувањето и на меѓународните конвенции кои ги ратификуваше заеднички во овој Парламент. Значи уште една во низа други дискриминации сега повторно на институционален начин. Тоа не е фер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 2 поднесен од пратеникот Панче Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 за додавање нов став 3 по став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ставот што предлагам да се вгради во овој член гласи: "Програмите на националностите емитувани на програмата на Македонската телевизија да бидат преведувани на македонски јазик." Што има во тоа спорно. Зборуваме за подобрување на меѓуетнички односи за меѓусебно запознавање, зошто да не дадеме можност и прилика тие програми да се следат со интерес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве видете делумно дека го поддржувам господинот пратеник Томислав Стојановски - Бомбај или петарда го нарекуваат во Тетово, меѓутоа Владата греши што не го прифаќа делумно меѓутоа, греши и тој. Зошто Јас нормално немам ништо против да се сите тие програми кои се емитуваат на јазиците на националностите како што велите вие и како што пишува во Уставот и тоа е добро да се преведуваат за заеднички добри односи и за подобрување немам ништо против. Меѓутоа голема примедба на познатиот пратеник зошто една запирка па во исто време и сите програми кои се емитуваат на македонски јазик да се преведуваат и на албански јазик. Тоа ќе беше и солидарност и рамноправност и еднаквост и навистина младите генерации би можеле да ја запознаваат повеќе и културата, историјата едни на други. Само тука е мојата забелешка. Значи само една мала работа фали за да биде и начелото на реципроцитетот како што се вели во дипломатијата. Инаку немам ништо против друго.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас немам ништо против да програмата на македонски јазик се преведува на сите националности. Но многу ќе биде. Шест, седум, колку се?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Нели е тоа уште еден знак на негова позната албанофобија и еднофобија. Значи ако се преведува програмата на албански јазик и на други јазици е сувишна, а обратно, да.| Тоа само по себе зборува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 Пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратеникот Љубисав Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 поднесен од пратеникот Љубисав Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ист амандман има и од господинот Марјан Начевски. Според предлогот на амандманот се иззема зборот "спортски". Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 56, поднесен од пратеникот Љубисав Иванов .

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 60, поднесе од пратеникот Љубисав Иванов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски:

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

VII/2.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој член се предвидува дека не можат да се спонзорираат вести, програми на политички партии или од религиозен карактер и други информативни програми.

Предлагам да можат да се спонзорираат информативни програми, информации. Дали е информативна програма некое патување и некоја информација со специјална намена. Зошто да не ја спонзорира некој за да можеме ние да ја видиме. Зошто да се изземе спонзорирањето. Сакаме да бидеме информирани повеќе. Ниту има политика, ниту има пристрасност. Не знам зошто е тоа. Зошто да не видиме патување по Нил, зошто да не го видиме Амазон,покрај други работи. Зошто да не видиме информативна програма, за таа Озонска дупка каде е, тоа е најизразена Какви еколошки последици ќе има. Тоа е информирање. Јас не знам зошто не е прифатен амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Тоа за Озонската дупка или Амазон тоа е научна и образовна програма. Во член 18 од конвенцијата за прекугранична соработка стои јасно забрането спонзорирање во точка 2 - спонзорирање на вести и програми со актуелни настани не е дозволено. Ако сакаме да отвориме дебата што е информативна програма, тогаш можеме за тоа да зборуваме така што стандард е кој ние го прифаќаме кон една конвенција кон која целиме да пристапиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 за менување на став и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 72 став 1, 2, 3 и 4 и членовите 73, 74, 75 став 4 и членовите 76, 77 и 78 поднесени од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибрахими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова е претпоследниот амандман значи бараме бришење на цело VI поглавје - Финансирање на радио-дифузната дејност. Бидејќи начинот на финансирањето, речено накратко посебно со плаќање на радио-дифузна такса е толку вулгарно и апсурдно да не заслужува никакво внимание. Тоа е уште еден начин на отворено, јавно со правна односно антиправна регулатива која не може да се спроведува никогаш во практиката а најмалку доследно.

Имено, најпрвин се поставува централното прашање. Кому да му плаќа радио-дифузна такса корисникот на радио и телевизиски приемник? Не заслужува внимание ни кој се корисници на исклучоците ниту превисоката сума од 3% од просечната нето месечна плата исплатена во Република Македонија за претходните три месеци, како што се наведува. Ниту другиот апсурд со сметката за наплатата на електричната енергија да се назначи износот на радиодифузната такса и месецот за кој се однесува.

Заради овие и низа други причини се предлага овие норми да се бришат и на повторно разгледување да се внесат друга правна нормативна адекватна на потребите на времето. Затоа што корисниците на овие услуги имаат безброј други алтернативи и не се поврзани само со наметнатите во поглед на материјалната и затоа ние предлагаме да најдеме други модуси, други можности, а не вака да бидат сите граѓа- ни во Република Македонија дискриминирани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 2 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, 3 оран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски, Слободан Најдовски и пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 5 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 72 став 5 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 5, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 2 став 6 за додавање на зборовите "и училиштата" после зборот "објекти", поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со претходно прифатените амандмани ова е депласирано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекувате амандманот?

Г-динот Трпеновски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 6,тој е со слична содржина, за додавање на зборовите "и болниците" после зборот "објекти", поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски. Тоа е исто.

Г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас го немам тој амандман, ако се однесува на училишта амандманот на г-динот Џеладин Мурати го прифативме.

Инаку амандманот за јавни здравствени организации го прифативме. Значи депласирано е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 73, поднесен од пратеникот Мирко Илиевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бузлевски.

VII/7.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 73 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Молам претставникот на Владата а се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, а почитуван министе и останати кои сте присутни тука. Понудениот амандман мислам дека создава една можност за која уште со преминувањето во еден друг систем фактички сме го прифатиле. Тоа значи дека ја прифативме пазарната економија и од тој аспект мислам дека амандманот е одржлив, и треба така да се прифати.

Мислам дека не е логично, не е исправно, правниците може би ќе кажат не е правно, да се плаќа нешто за што не се добива услуга. Ние во понеразвиените делови од Републиката не фаќаме трета програма. Зошто сега ние неразвиените да ги развиваме развиените. Дали може да се случи таква работа. Мислам дека треба да биде обратно развиените да ги развиваат неразвиените, а во овој случај се случува обратното Заради тоа, е предложен амандманот. Таму каде што се гледаат две програми да се плаќа пониска такса, отколку таму каде што се гледаат три програми, како што е на пример Скопје, и други места, каде има можност да се следи таква програма. Тоа е причината зошто е даден амандманот.

VII/8.-

Што се однесува до висината тука сум согласен да можеме да направиме договор во однос на висината на таксата. Меѓутоа, во никој случај не би било добро да биде така како што е направено со предложената понуда во законот. Заради тоа поднесов таков амандман и мислам дека ако успеав да Ве убедам односно ако сте убедени дека е така гласајте го амандманот, а во спротивно постапете така како што ќе намеравате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Имам деловничка забелешка амандманот на г-динот Митко Илиевски го прочитавте, меѓутоа, не кажавте дали се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, го прочитав и Владата го прифати амандманот.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Меѓутоа, министерот рече, дека не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, го прифаќа.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Тоа е деловничка интервенција дека го прочитавте амандманот на Митко Илиевски, меѓутоа, не рековте дека е прифатен. Министерот рече дека е прифатен а,... сега...

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Јас констатирав дека е прифатен, и не го ставив на гласање.

Сега ќе провериме.

Да, тоа е амандманот на член 7 3 поднесен од пратеникот Митко Илиевски и претставникот на Владата го прифати.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Но, погрешно е констатирано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако дополнително интервенирате инаку министерот го прифати.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас се извинувам, јас помислив на член 72, став 2, инаку амандманот Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, да завршиме прво со овој амандман, па потоа ќе се вратиме на членот 73 од г-динот Митко Илиевски.

Дали во врска со овој амандманот на г-динот Ајдарага уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Еве се враќаме заради оваа дополнителна интервенција на амандманот на член 73, поднесен од пратеникот Митко Илиевски.

Го молам уште еднаш на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-динот Илијевски.

**МИТКО ИЛИЈЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и претставници на Владата ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, внимавајте, немојте пак да се случи вакво нешто.

**МИТКО ИЛИЈЕВСКИ:**

јас ќе се потрудам со два-три збора да објаснам од кои побуди и цели го дадов овој амандман и беше прифатен од страна на матичната комисија за сообраќај и врски.

Првата такса која беше од 4% која едногласно ја прифативме мислам дека, а и вие сте свесни дека беше доста висока, имам убедување дека овие три проценти во моменталната економска криза во која се наоѓа нашата држава мислам дека е голема, и овие 2% кое моментално би изнесувало 180 денари мислам дека е една реална јавна давачка со која би се зголемил бројот на луѓето кои би го прифатиле ова наплатување на ова такса. Јас мислам дека ќе бидеме во заблуда дека со самото донесување од 3% голем број од населението во Македонија ќе ја прифати ова претпролата и едноставно автоматски ќе биде тоа наплатување. Свесен сум за тешката финансиска криза во која се наоѓа македонската телевизија. На седницата на Комисијата за сообраќај и врски, министерот ни поднесе добар извештај каде се гледа тешката ситуација, но мислам дека висината на оваа јавна такса нема да го реши проблемот со финансирањето на македонската телевизија.

Од калкулациите кои ги правев лично за мене мислам дека поголем број на луѓе реално би ја прифатиле оваа цена од 180 денари и сигурно би имало поголем прилив со што би се разрешила оваа финансиска ситуација што ја има македонската телевизија, а и локалните радио станици и телевизии.

Имам доста разговарано со граѓани од мојата општина како и од други општини кои имаа доста забелешки на оваа висина на досегашната претплата а сигурно и оваа против вредност која се предлага од 10 ДМ по мене е релативно висока и апелирам кон вас, ако можете да го поддржите овој амандман со што би дале шанса на луѓето да почнат да ги плаќаат овие јавни давачки. Еве има време за менување ако почувствуваме дек а сме ја промашиле.

Јас апелирам до Вас, да дадеме шанса на оние луѓе кои имаат одговорност и сакаат да плаќаат една реална претплата, а оваа висина од 10 ДМ, мислам дека ги оптоварува. Треба да бидеме свесни колку наши семејства во Македонија моментално колкава е висината на нивните лични примања. Сметам дека ако сега од 20 до 30% претплатници на оваа претплата беа некаде околу 100 илјади, ако ја намали ме сумата мислам дека барем двојно би се зголемиле овие семејства кои редовно ќе ја плаќаат оваа телевизиска месечна претплата.

Ви благодарам и ве повикувам да го поддржите овој амандман.

**ТИТОТ ПЕТКОВКСИ:**

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Мислам дек а овој амандман е значаен за овој закон и за населението поготово со пониска материјална основа и тоа претставува не 3% туку за ниско платени слоеви во државата претставуваат некаде 7-8% некаде 10% и треба да обрнеме поголемо внимание. Јас намерно го вратив амандманот бидејќи тој можеше да помине така незабележано и да не дискутираме за тоа меѓутоа, тоа е значајна работа и мислам дека ако медиумите направеа добра маркетиншка анализа ние живееме во пазарно стопанство и тоа е една услуга, таа услуга треба да се плати и треба да има, од прилика, пазарна цена. Тоа можеме како јавна давачка да го натуриме на граѓаните и можеме да им ставиме 5%, меѓутоа, сепак треба да имаме реалност во тоа дека луѓето не можат да плаќаат 3%.

**МИРКО ПЕЦОВ**:(продолжение)

дека нема да го плаќа, а ако е 2% би имале веројатно исти ефекти. Јас затоа сум изненаден зошто РТВ не си направи една маркетиншка анализа и да каже да има минимум согласност за таа максимална цена која треба да ја платат луѓето. Тоа е услуга. Ние живееме во пазарно стопанство и не може колку ни текне, толку да им прогласиме јавна давачка. Треба да оцениме колку можат они да платат, а другото ќе го огласиме со повеќе реклама, ако треба од Буџет или слично да одвоиме повеќе некоја сума да дадеме тука сепак луѓето треба да ги заштитиме односно да добиеме исти ефекти и со 3 и со 2%. Има таква основа, таква филозофија и мислам дека е малку поставено на тоа и дека 2% е реална цена за оваа услуга која ја нудиме.

**ЈОВАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, што се однесува до овој амандман сигурно ги штити луѓето кои што се претплатници на РТВ, но исто така има еден амандман поднесен од група пратеници, кои што не го гледаат во процедура а има една друга алтернатива за намалување од 4 на 2,5%. Мислам дека еден таков процент би одговарал и за луѓето претплатници за радиотелевизиската такса и оние кои што емитуваат радио и телевизија. Ако министерот би прифатил еден ваков предлог, еден ваков амандман со 2,5% мислам дека ќе најдеме една средина мислам дека ќе одговара и за едните и за другите.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

За мене овој предлог од 2% и за пратеничката група на ЛДП е неприфатлив од следните причини:

VIII/2.-

Ние се залагаме да биде 1% затоа што очекувавме од министерот да ни кажат барем некој параметри колку ќе значи тоа 3%, колку ќе значи 1%. Ако се знае дека во државата се собираат некаде месечно 15 - 17 - 20 - 21% од месечната препалата на корисниците на телевизиската претплата ќе се направи уште една контрауслуга затоа што пак нема да се плака. Луѓето нема да плакат. Зошто? Не можат да се обврзат луѓето да се плака една партиска телевизија. Сигурно. Ни не сме против македонската телевизија. Сме за телевизијата да работи и да се плака 1%, но таа да биде во функција на граѓаните. Каде е категоријата на пензионерите. Каде се пензионерите? Ако се знае дека во Англија за ББС се плака прилично ваква такса како што е во Македонија, а знаме дека таму просекот е некаде 2.500 ДМ, тогаш може да се направи разлика...

(дофрлување од место - не е тоа амандман).

Вие може да плаќате г-дине, имате пари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место да дофрлувате.

**СЛОБОДАН ДАНЕСКИ:**

Затоа пратеничката група на ЛДП се залага овој амандман да не се прифати и нема да гласа по овој амандман. Ние се залагаме за 1% затоа што знаеме во какви услови живееме.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани минситри,

Јас не ги правев математиките околу тоа колку ќе изнесува 2 или 3%, меѓутоа се враќам поназад на 1995 година кога имавме предлог

измена на овој закон. Тогаш беше предложен процентот од 4%. Пратениците од Струмица предложија амандман на овој процент за 3%. За тој амандман гласаа само 28 пратеници од левата страна.

(покажува на левата страна од говорницата)

Не е многу далеку времето од 1995 година до 1997 година и не знам што се смени од тогаш до сега, па сега да бараме 1% а тогаш подржавме 4 %.

(реагирање на пратениците од место)

Не се согласувам со ваков маркетинг. Се извинувам на колегите специјалисти.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ:**

Мислам дека расправата по овој амандман е повод за проширени гледања на овој проблем и лично сметам дека ваквите тенденции не водат кон нешто што во подоцнежното време може да не соочи со некоја состојба која денеска не ја сакаме.

Ние зборуваме колку е претплатата во ББС. Јас знам колку е бензинот во САД. Сакаме ли ние радио-дифузија да имаме, или не ја сакаме. Кога беше комисиската расправа се интересиравме што значи процентот 3% и од министерот не, меѓутоа до други присутни во расправата ми беше кажано дека е тоа од прилика процент кој обезбедува сума идентична на она што е сегашност. Ако ние сакаме проширена дејност во радиодифузијата да обезбедиме со финансирање на дел од дејностите ние треба да размислиме како тоа ќе го обезбедиме во вакви услови, со ваков предлог што е во Законот. Многу ми смета да се нарече некое гласило партиско. Ние имавме директор на МРТ чисто партиски, од Извршниот орган на партија и тогаш не сметавме дека е телевизијата партиска. Денеска немаме таква состојба па пак се

повикуваме на некое партиско гласило иако овој закон не е закон за МРТ. Тоа е закон за радиодифузијата во РМ.

Според тоа апелирам, молам да бидеме на нивото на одговорноста што ја носиме. Сите ние знаме да се обратиме во името на граѓаните. Да речеме дека е ова превисока давачка . Да се заложиме за помал, еве има предлог за 1%. Ние можеме да речеме ни 1% , на нула. Добро е ако буџетот има средства да ги подмирува потребите на овие информациони гласила. Но, состојбата ја знаеме дека не е таква. Според тоа радиото и телевизијата се медиуми кои можат и не мора да бидат користени од оние кои ќе оценат дека социјалната состојба е до тука загрозена и на тоа можат да му дадат третман дека е луксуз и не мора да го користат. Но РМ не може да го загрози овој информативен простор и да дозволи ние утре да се соочиме со состојба место на раѓање на нови информациони гласила во оваа радиодифузна сфера на гаснење на овие што ги имаме.

**МАРЈАН НАЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратените, почитувани министри,

Мислам дека некоректно е да се лицитира на ваков начин и на оваа говорница за процентот, бидејќи истата група Либералната предлагаше 4%, знаеме кога и како. Само да напоменеме дека тогаш за директор беше назначен претставник на Либералната партија. Тогаш интересот го имаше ЛП да биде процентот поголем. Мислам дека предлогот што стигна од 9-те пратеници за намалување за 2,5% е адекватен и предлагам да го прифатиме тој процент.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Не станува збор ни за пазарење, ни тогаш не гласав и тогаш викав дека е 4% многу. Затоа постојат стенограми, постојат видео снимки, така да не може сега да се демантира. Ако треба 1% за овие што се обесштетени штедачи по пирамидалното штедење, ако е тоа филозофијата на Владата во ред.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Излегов на говорница само два-три збора да кажам во врска со овој амандман без оглед и ние како пратеничка група имаме предложено сличен амандман. Верувам дека не се работи за некое пазарење, туку би требало да се има во предвид економската состојба на граѓаните на РМ.

Јас доаѓам од еден крај кој 99% од населението воопшто не се вработени, ниту немаат потпишано никаде дека примале некогаш плата. Ние сега како законодавен дом одлучуваме за една работа која нормално ќе испадне по нивниот грб. Тие ќе треба после да платат, а добро беше што се повлече еден потез тука, што не се вплоти заедно со струјата да се плати, затоа што ќе изгубевме и во тој поглед. Луѓето немаше да плаќаат ни струја.

Без оглед на тоа јас сум да се поддржи амандманот предложен од страна на пратениците на ЛП и едноставно да се имаат во предвид другите елементи. На пример дали сега е можно во нашата држава да има три радиодифузии , или три телевизиски програми, кога ние како држава не сме во состојба да се споредиме на пример со Германија, која исто така во рамки на државата има три програми. Зошто ние како мала држава тргнуваме од тоа да имаме три државни програми за да можеме да ги покриеме со вакви форми и методи, кога би можеле на друг начин

да се најдат решенија. Друга работа што по мое убедување е исто така важна е дали е во ред сега, дали е во рамноправна положба три телевизиски програми, 35 до 50 часови колку што има програма да се споредуваат со другите граѓани што едноставно немаат шанса да имаат нивна програма повеќе од два часа неделно или пак 2-3 часа дневно. Нека се размисли добро во овој поглед и дали сега сме во едена рамноправна положба како граѓани во поглед на распоредот со програмските часови што се на располагање.

Според тоа уште еднаш сакам пред сите вас да апелирам да го имаме предвид тоа. Нормално тоа како такса треба да се намали од 3% на 1% за да можат граѓаните тоа полесно да го поддржуваат.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници,

Сигурно дека овој амандман предизвика интерес, како што и амандманите кои што после овој амандман следат а се однесуваат на истата проблематика, односно на радиодифузната така. Јас сфаќам да се реагира н а начин како што се реагира на крај краишта оваа говорница е за политичка борба и спротивставување на политички гледишта и ставови. Ги сфаќам оние кои што саката да укажат зошто тогаш се залагавте за 4%, а сега за 1%, но истовремено би ги потсетил ако сакаат реално да ја согледуваат состојбата дека при изгласувањето на недовербата односно промената на поранешниот директор на МРТ основниот беше од предлагачот, не го гледам г-динот што тогаш предлагаше, па не сакам да го споменувам и не е присутен во салава, дека директорката тогаш е виновна што не успеала да ја наплати таксата за РТВ. Денес ќе беше добро кога веќе зборуваме за таа проблематика

оние колеги пратеници кои што го изнесуваат тој процент за што се залагавме тогаш да изнесат од кога е променет директорот до денес колку е зголемен процентот на наплата, па ќе речев да тогаш го сменивме заради ненаплакање на радиодифузанта такса до денес е толку зголемена, Тогаш ќе им верувам. Но сега сакам конкретно по однос на амандманот.

Со оглед на тоа што кога учев основно училиште, учев на село и немавме спортска сала, па тогаш физичко воспитување држевме во училница. Во училница не можеш да држиш физичко воспитување па ја игравме играта "тивката ми роди". Еден од учениците ќе induce речеше ми роди 4, па оти 4 нека бидат 3, па оти 3 нека бидат 5, па часот ќе ни поминеше, Сметам дека е иста ситуацијава сега.

Ние сега овде имаме неколку амандмани од кои што им,а 1 за 4%, 1 за 3%, друг 2%, а јас да ви кажам мое лично убедување е сакам да погрешам но изгледа нема да погрешам дека ќе биде прифатен амандманот од 2,5%. Или министерот ќе го прифати или пратениците ке го изгласаат, пратениците од СДСМ.

(реагирање на пратениците од место)

Така да на крајот ќе се рече дека пратениците од СДСМ предложија да се намали од 3, го намаливме на 2,5%. Сега пред јавноста ние сме за поевтино да плаќате, ќе речат. Ова зошто сакам да го кажам? Сакам да го кажам од следниве причини.

Се доведовме во една ваква ситуација за наддавање за повеќе или помалку да изнесува процентот од следниве причини.

Прво и прво, недвојдено е кај сите дека ја цениме неопходноста и потребата од постоење на едно јавно радио дифузно претпријатие односно МРТ. Тука сите сме едногласни, но се разликуваме во една друга работа. Во начинот на организацијата, начинот на дејствување,

начинот на понатамошното работење. Имено предложениот процент од 3% во Законот е јавна давачка. Во секоја држава Владата која што раководи во тој момент односно е извршна власт во државата кога предлага јавна давачка треба и тоа како дебело да ја образложи јавната давачка. Во овој момент граѓанинот го врзуваме со 3%, или не знам колку ќе биде крајниот износ на таа сума со една јавна давачка која што постојано треба да ја даваат. А што немаме?

Во овој момент немаме, барем ние пратениците освен она што ќе го слушнеме на радио или телевизија, не знаме.

Прво, како јавно дифузно претпријатие ни треба.

Второ, не знаеме каква организација, структура и раководење ќе има понатаму во тоа јавно радиодивузно претпријатие.

Понатаму, не знаеме за да ја остварува својата улога како сервис во државава колкав број на вработени му треба и

На крајот не знаеме колку ќе изнесуваат нивните трошоци. Кога не знаме колку ќе изнесуваат трошоците, затоа што не знаме кава организација ќе ни треба јас не знам пак од каде Владата го најде тоа дека треба 3%. Јас гледајќи ги овие велат дека не треба ич, односно на 0%. Моето гледање е такво. Зошто? Затоа што сметам дека треба да се реоргнаизира куќата и до Буџетот на државата, од другите јавни давачки тоа јавно дифузно претпријатие да се финансира Вработените таму не мислат дали ќе земат на први плата или не, а државата нека си изнајде начин како тие пари ќе ги обезбедува.

Третото прашање кое што тесно е поврзано и во наредните членови што ќе биде е прашањето кое што сметам дека ќе се доведеме во една ситуација да го доведеме и јавното претпријатие за Електро-стопанство во РМ во една незавидна состојба со начинот како што го

предлагате за собирање на пари односно ќе се доведеме во ситуација и тие не можат во меѓусебните контакти што ќе ги имаат со МРТ, постојано ќе имаат проблеми во изнаоѓањето на висината на средствата што ќе треба да им се префрли.

Затоа предлагам овој амандман да не се усвои, да се усвои амандманот од 1%, затоа што сметам дека со реорганизациајта што би ја предложиле до Владата за МРТ дека 1% ќе бидат доволни за финансирање на МРТ и ќе придонесеме со 1% сите кои што поседуваат радио- телевизиски приемници, заради тоа што ќе имаат мала стапка на давачка редовно да ја плаќаат и ќе ги имаме истите пари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Еден мал коментар на мојот пријател и колега во Парламентот Марјан Начевски во однос на тоа дека Либерална партија поддржала давачка од 4% пред две години. Јас мислам дека Либералната партија, односно сега Либерално - демократска партија ја цени состојбата во земјата и мислам дека никој од овде и граѓаните нема да го оспорат фактот дека пред две години имавме економска состој- ба и платежна моќ на луѓе кои можат да го поддржат тој процент. Следејќи ги состојбите на животниот стандард во Македонија, а тоа е факт, платежната моќ на населението е рапидно намалена, мислам дека намалувањето на процентот за кој се залага пратеничката група на Либерално - демократската партија сосема е во согласност со економската моќ или немоќ на државата, па според тоа мислам дека не треба да лицитираме и треба да ја кажеме вистината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор господинот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас излегов само да кажам нешто во врска со дискусијата на мојот почитуван колега. Мислам дека овие 4% и тогаш беа нешто за тие што треба да плаќаат, заради тоа што од 1994 година наваму не плаќа еден огромен дел на гледачи ТВ претплата. Според тоа, нема некое големо оправдување зошто Либералната партија односно пратеничката на Либералната партија тогаш прифаќаше 4% затоа што тогаш македонскиот народ беше

многу богат, а сега падна стандардот, па еве оправдување за 1%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и пратеници, мене ми се чини дека на крајот како да водиме некој би рекол партиски инает. Ова веројатно ќе се одрази кај самите граѓани на Република Македонија, па апелирам за тоа да најдеме некое решение во однос на ова прашање. Убеден сум дека во однос на ова прашање се следи од целата јавност и граѓаните се многу заинтересирани во однос на ова прашање како и што ќе решиме. Знаеме и општо е познато дека практиката е критериум за висината. Ние имаме една практика досега и сме сведоци на тоа дека граѓаните не плаќаат. Ако сме згрешиле еднаш, да не грешиме по втор пат. Затоа, треба да најдеме некоја алтернатива во однос на ова прашање.

Сите ние сме сведоци, а јас имам прилика да видам кај фурните кога дошол нашиот граѓанин во состојба да се мисли за себе или за своето дете дали да купи еден ѓеврек од 10 денари или не. Кога ги имаме предвид овие факти, треба да најдеме некоја алтернатива за нашите граѓани и да се најде најповолното решение.

Исто така, би рекол дека јас сум за тоа предлогот на либералите да се гласа, затоа што ќе дојдеме до една таква ситуација граѓаните да не плаќаат. Јас имам прилика во контактите со граѓаните во секојдневниот живот да слушнам мислење дека ако овој износ биде голем нема да плаќаат, па дури некои јавно изјавуваат дека подобро е да одат еден или два дена во затвор и да не плаќаат затоа што немаат. Да не ги

доведуваме граѓаните во ситуација таква, затоа што после и во затворите ќе немаме место. Затоа, мислам дека треба да се респектира овој предлог на колегите либерали.

Второ, сакам да се надоврзам на ова што го рече колегата Кадриу. Дали е во духот на пазарната економија, кога на пример една група на граѓани од една националност има неделно половина или еден час или три часа или 50 часа во текот на 24 часа телевизија. На крајот на краиштата, пазарната економија го бара и тоа, колку нудиш, колку бараш, толку ќе земеш. Ти му даваш половина час, граѓанинот ќе каже јас толку ќе ти платам. Толку колку ми даваш, јас толку ќе ти платам. Тука требаше да се размислува во однос на ова прашање.

Значи, во принцип сум за предлог на либералите, инаку ќе имаме доста реакција во јавноста и кај нашите граѓани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во текот на општиот претрес по законот, а особено во текот на комисиската расправа, многу се говореше околу содржината на овој член и ефектите кои се проценуваат дека ќе се постигнат со предлогот кој што се дава во содржината на законот во вид на радио- дифузна такса и нејзина висина од 3%, како еден приод кој што го имавме во однос на постојните висини кои важат сега и во однос на она - и овој пат ќе кажам - што беше дискутирано, кое што беше вградено во извештајот на некои комисии, а и во една од комисиите во кои активно членува господинот Слободан Најдовски.

Ние долго дискутиравме, бидејќи во извештајот на таа комисија се упатува или се сугерира, коа ќе одиме на конечната доработка на текстот и негово издигнување од ниво на предлог за донесување на закон во

предлог на закон, дополнително да ги провериме ефектите кои би се постигнале, ако се воведе такса од 3%, радио- дифузна такса. Нормално, тоа е комисиско тело и нас не обврза да пристапиме така и дојдовме до соодветни показатели кои јас најпрецизно ги изнесов на повеќе комисии и кои што мислам дека во тие детали не е потребно овде да се изнесуваат.

Едно е јасно, во однос на намените кои се предвидуваат за насочување на вкупно прибраните средства од онаа радиодифузна такса за која ќе одлучи Парламентот, имаме проширување на намените во однос на сегашните намени. Имаме проширување најмалку за две, а јас ќе кажам и за една трета позиција. Тоа е едната позиција за финансирање на јавната радиодифузија на локално ниво и имаме финансирање на програми од јавен интерес, кои би се произвеле по пат на јавен конкурс од трговски радиодифузни друштва, што досега не беше случај. Значи, одиме со намалување на таксата, одиме и со проширување на намените, уште повеќе кога прифативме неколку амандмани кои се однесуваа на одредени институции, кои се ослободуваат со прифаќањето на тие амандмани од обврската за плаќање на радиодифузна такса и кои ќе влијаат врз вкупниот опфат на корисници на услуги. Тоа е јавна давачка, востановена со овој закон и како јавна давачка е потврдена во сите претходни правни обраќања за тоа дали е или не е. Познато е дека јавната давачка носи обврски за граѓаните, во овој случај за оние кои имаат радио или ТВ приемници или радиокасетофони.

Билансите покажуваат дека за 1996 година, онаква каква што е со сегашниот статус, Македонската радио-телевизија остварила вкупен приход со сите елементи кои го сочинуваат тој вкупен приход 1 милијарда 629 милиони денари е. Тоа е цирка околу 60 милиони марки. Со прогнозата со востановување на оваа висина на радиодифузна такса се проценува дека ќе се остварат помалку средства, бидејќи се нама-

лува и бидејќи се одземаат по критериумите дел од тие средства и се насочуваат за јавни потреби, од јавен интерес за граѓаните и се проценува дека ако остане предлогот како што е даден во законот, би се оствариле околу 40 милиони марки, што е на граница на финансиски рентабилитет, бидејќи во изминатиот период, кога зборуваме за такви вкупни приходи имаме дубиози, финансиски дубиози и висок износ на загуба од тековното работење на Македонската радиотелевизија. И уште повеќе, имаме еден техничко - технолошки заостаток кој можеби има и децениски период, а сакаме да одиме во проползирање на јавната радиодифузија и од тој аспект.

Токму затоа, кога спомнав можеби и трето насочување на средствата дека ќе споменам, ние не случајно отидовме со вградување на еден член во законот за обврска по автоматизам да се издвојуваат средства за одржување на радиодифузната мрежа, затоа што досега тоа го немавме, барем во еден децениски период наназад, што е од витален интерес за граѓаните, ако сакате за сите граѓани, од аспект на квалитетно примање на сигналите и од аспект на заштита на етерот во Македонија, како што кажа некој пред извесно време по други поводи дека имаме упади и треба етерот да го заштитиме соодветно според стандардите кои важат во Европа. Уште повеќе, кога имаме еден процент кој го насочуваме во развој на техничката опременост, студиската опременост, за да придонесеме да се оспособи таа куќа да биде квалитет кој ќе биде од јавен интерес.

Секако, водејќи сметка дека треба да следува и е во фаза на јавна расправа со Законот за Македонска радио-телевизија и трансформација на таа куќа, трансформација во поглед на рационализација која што треба да даде соодветни ефекти како на програмските така и на финансиските содржини од работењето на таа куќа. Јас можам и подолго да говорам, мислам дека се тоа факти кои се прагматични, кои се

присутни, кои се употребуваат како аргументи за едно вакво определување на предлагачот во поглед на содржината на овој член од законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Дел од работите што мислев да му ги покажам на министерот веќе ги одговори. Последиците од тоа што Владата паралелно со предлагањето на овој закон не го даде во процедура и Законот за јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, најевидентно се гледаат по овој член на законот. До колку паралелно со овој закон на пратениците им беше доставен и законот за Македонската радиотелевизија, во кој јасно ќе го дефиниравме поимот што значи јавен интерес, заради кој треба да постои тоа јавно радиодифузно претпријатие и во кое ќе го кажевме обемот, надлежностите и воопшто суштината за нејзиното постоење и спроведување на јавниот интерес во Република Македонија, секако ќе ни беше многу полесно денес да се определиме, затоа што навистина сметам дека треба да се најде вистинска рамнотежа и биланс, да не лицитираме со предлози колкав ќе биде процентот. Можеби за да ни олесни во тоа, Владата требаше со помош на раководството на Македонската радио-телевизија да изработи одреден табеларен преглед, за да имаме вистинска престава каква е состојбата. На пример, мене ме збуни министерот со бројките што ги кажа сега, посебно ако се повикам на јавно изречена изјава на еден од раководителите на МРТВ на една од телевизиите дека во моментот во Македонија на пример има нешто повеќе од 300 илјади претплатници. Ако претплатата е 324 денари месечно, под претпоставка дека сите би плаќале, во германски марки би се собрале некаде околу 3 милиони и

670 илјади германски марки месечно. Бидејќи истиот човек на телевизија кажа дека од прилика околу 100 илјади граѓани редовно месечно ја подмируваат својата обврска спрема Македонската радио-телевизија, изразено во марки тоа изнесува милион 216 илјади германски марки месечно. По 12 месеци тоа во никој случај не може да биде 60 милиони, веројатно во 60 милиони марки е ставен приходот остварен по други основи, врз основа на реклами, спонзорства, донаторства итн. Мислам дека многу полесно ќе беше доколку овде имавме конкретни показатели за тоа колку се неопходните месечни потреби или годишни потреби за нормално функционирање на Македонската радиотелевизија, како за плати на вработените кои имаат вистина мизерни плати и кои нередовно ги добиваат, така и за остварување на програмските активности на Македонската радиотелевизија, а што е уште поважно и за обновување на веќе застарената техника која не е во состојба да одговори на предизвиците на времето, посебно ако се има предвид конкуренцијата од приватните комерцијални радио-телевизии, кои во некои домени се понапред од Македонската радиотелевизија. Доколку имавме такви показатели, ќе можевме многу полесно да се определиме сега, затоа што ќе знаевме каква Македонска рардиотелевизија ни е потребна, дали ваква каква што ја имаме сега со колкав голем број на вработени, во кои поголемиот дел од хонорарните соработници ги прават емисиите отколку што ги прават тие кои за тоа зимаат плата. Македонската радиотелевизија која има огромен простор, за кој не знаеме дали рационално се користи или не се користи и воопшто да го знаеме статусот на нивото на застареноста на опремата и тоа што треба неопходно да се инвестира. Вака испаѓа сега без аргументи да се расправаме и да лицитираме со одредени предлози, кои можеби на некој начин и не држат.

Јас би го замолил министерот, доколку е подготвен, да им помогне на пратениците со вистински аргументи, за да добиеме навистина

реална претстава за тоа колку се, од прилика, неопходни средства минимум за егзистенција на Македонската радиотелевизија, затоа што не смееме да го изгубиме од предвид фактот дека Македонската радиотелевизија како јавно радиодифузно претпријатие е од огромна важност за јавниот интерес на граѓаните на Република Македонија. Впрочем тоа е претпријатие од кое ниедна држава во светот не се откажува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, морам искрено да признам дека сум малку збунет, комплетно, заради тоа што имаме четири предлози и владиниот предлог е петти. Тука продефилираа околу четири-пет амандмани во кои сега има 1%, 2%, сега Владата предлага 3% и тн., од причина што навистина треба да се определам како пратеник дали тоа е 1%, 2%или 3, или е 2,5%.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Гледано од аспект на граѓаните од каде потекнувам, од моето изборно подрачје , мислам дека и ако се удварам на граѓаните, треба да прифатам да не се плаќа телевизиска такса најискрено. Меѓутоа, обратно сега размислувам дали треба да имаме и државна телевизија, која, сепак тоа е едно големо огледало во една цивилизирана држава која треба да влезе во европските текови. Така сакавме и така се определивме. Во тој дел, навистина, имаме една конфузија во определбата, дури се мачам дали ќе ја погодам сега желбата на граѓаните до крај можеби нереално или ќе направам една голема штета оваа држава да нема телевизиска куќа која може да не презентира во државите, па и на крајот на краиштата да не информира најквалитетно со сите настани. Јас досега ќе ви кажам дека во овој закон , можеби и министерот тоа требаше да го спомне, став 3 од членот 72 кој за мене е еден квалитет во однос на претходниот закон гледано од овој аспект досега во законот немавме предвидувања, дури немавме и во практична смисла некакви реализации еден дел од популацијата кои имаат помали лични доходи односно плати кои немаат примања итн. и оние подрачја кои немаат телевизиски сигнал да бидат ослободени од плаќање на телевизиска такса. Ова е за поздравување сега во член, став, па јас децидно ќе го прочитам, Тука се вели: "По исклучок од став 1 на овој член Владата на Република Македонија на предлог на Советот ќе ја определи кои корисници на радио и ТВ приемници, како и подрачја кои не се покриени со квалитетен радиотелевизиски радио сигнал нема да плаќаат радиодифузна радио такса. Ако ова е решение, тогаш мислам дека има многу голема можност советот заедно со Владата да бидат пофлексибилни, да имаат поголемо чувство кон материјалната состојба на граѓаните за да можат да помогнат најголемиот дел од граѓаните кои имаат испод ниво да не кажам испод просечна плата во РМ , да бидат ослободени од плаќање на телевизиска такса. Тоа би било реално. Во случај ова што го предлагаме

1% неплаќање, тогаш доаѓаме во ситуација сите граѓани да ги ставаме во еден ист кош, тоа значи и оној што прима над 20 илјади денари и она што го слушаме на телевизија и во штампа дека некој прима 35 илјади денари, некој 40 илјади денари, некој 50 илјади денари и оној социјален случај на кој му утврдуваме социјална помош од 1940 денари. Сега, тоа е еден парадоксален однос. И лично да апелирам до Владата, бидејќи навистина лично немам сериозен предлог тука , освен да го подржам владиниот предлог или да подржам некој амандман со 2%, можеби ќе погрешам, заради тоа што кај мене не постои голема математика, вод тој однос мислам дека Владата со став 3 треба да направи сериозни критериуми, тука би требало да е присутна математика и плата или материјални примања, основи, за да поголем број на граѓани, еве ќе ви кажам еден пример дека во Македонија имаме коректни 80 илјади семејства кои користат од социјалната програма социјално -заштитно право. Ако тука ги додадеме и другите, тогаш ќе дојдеме во ситуација околу 100 илјади семејства да влезат. Добро, тие се ослободени по овој основ. Би биле ослободени ако Владата има слух. Морам да кажам дека досега Владата тоа не го правеше. Сега е тоа место, меѓутоа, Владата треба да биде многу пофлексибилна и овој став 3 да го искористи максимално. Во спротивно си размислувам уште еден дека ако нашиот буџет на државата изнесува 46 милијарди, не знам дали беше толку, ако телевизијата троши или има потреба од 1 милијарда и 650 милиони тогаш сме требале да се определиме и да речеме 0,5% или 2% од вкупниот Буџет што изнесува 600 или 700 милиони денари да потпомогнеме и тогаш сме во позиција да ја сочуваме државната телевизија и да ги заштитиме граѓаните кои би биле во таква положба за кои ние се залагаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што се побараа попрецизни показатели, јас ќе се обидам да кажам некои од нив и тоа како резултат на изготвен материјал токму од МРТ кој што ние го користевме за определбата околу висината за радиодифузната такса. И покрај тоа што напоменувам дека радиодифузната такса и приходите по кои што ќе се остварат од неа се наменуваат и за други потреби, како што кажав во претходната дискусија. За 1996 година остварен е вкупен приход од 1.629.401.100 денари. Во формирање на вкупниот приход учествуваат неколку елементи Како прво приходи од продажба на учиноци во износ 1.524.179.денари Понатаму приходи од финансирање 5.559.115 илјади и вонредни приходи 95.911. кои што сите заедно го сочинуваат вкупниот приход од 1.629 милиони. Како е распореден вкупниот приход може и тоа да го кажеме бидејќи тоа се податоци, факти кои што се прикажани преку завршните сметки преку МРТВ. Распореден е на трошоци на продадени учебници во кои што влегуваат материјалните трошоци, амортизацијата, равалоризацијата на амортизацијата, нематеријални трошоци, вкупно бруто плати, почетна залиха на готови производи, набавна вредност на трговски стоки и расходи од финансирање и тоа во износ од 943 милиони денари. Тоа во марки вие пресметувате. А во наредните расходи кои што се како отпис на ненаплатена фактурирана реализација и кои што се третираат како вонредни раскоди се 792 милиони денари. Замено со загубата остварени се вкупни расходи од 1.768 милиони денари, цирка. Со состојба 31.12. обврските спрема добавувачи во земјата и по други основи а и према странство на МРТВ изнесуваат 4.028.илјади денари, што се висок износ на обврски кои што го загрозуваат тековното работење и се доаѓа во ситуација да не може да се интервенира во основните потреби од она што значи интервенција во техничката опрема. При тоа, да кажеме дека износот или процентот кој што ние го предвидуваме е процент кој што

треба да обезбеди приходи помали од вкупните приходи кои што МРТВ ги има остварено во 1996 година. Во таквата определба, бидејќи одиме со намалување на радиодифузната такса, цениме дека многу брзо ќе треба да се реализираат процесите на трансформација. И како ефекти веќе однапред ги планираме, ефекти во таа конотација. Тоа сметам дека дополнително треба да се каже, со оглед на тоа што конкретно од говорницата се бараше да се произнесеме околу некои финансиски состојби на МРТВ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратениоци, сосема е нормално што висината на радиодифузната стапка и амандманите поднесени во врска со таа висина предизвика најголем интерес и најголема расправа во Парламентот. Ова е нормално,затоа што тоа задира во интересите на граѓаните. Не само во интересите, туку се работи за реални можности кои можат да ги подмират граѓаните. Не се работи како што некој напомна дека треба да се погоди желбата на граѓаните. Желбата на граѓаните сигурно не е да се укине МРТВ. Во тоа сум длабоко уверен. Овде се работи за можности за можната висина на радо- дифузна такса која што може населението да ја поднесе. По мое длабоко уредување таа можност е 1%. Бидејќи освен тоа просечна плата е доста растеглива и доста недефинирана категорија кај нас. Бидејќи така не е дефинирано, плаќањето на радиодифузна такса во износ од 1%, ќе биде реална со социјалните и економските можности на најголем дел од населението. Тогаш ќе имаме висок процент на наплата. Денеска имаме претплата, сеуште не е радиодифузна такса во висина од 4%. И што се случува? Се случува максимум од 17 до 20% процент на ненаплатеност.

Значи, многу мал прилив на наплата. До колку оваа такса остане 3%, јас верувам дека и натаму ќе бележиме тенденција на паѓање на тенденција на члаќање и услуги и уште помал прилив за радиодифузни организации, а пред се прилив во МРТВ. Што значи дека ако оваа такса е реална, ако е реална согласно на можностите а не желбите на граѓаните дека ќе биде во висина од 1%, ќе имаме многу, многу повисок процент на наплата. Автоматски и граѓаните ќе бидат задоволни, бидејќи тоа е со реални, социјални и економски можности и МРТВ, пред се, од радиодифузни организации ќе биде задоволна затоа што процентот за наплата ќе биде многу поголем.

Исто така амандманот на пратеничката група на ЛДП, не само што предвидува радиодифузна такса да биде 1% туку предвидува да се ослободат од плаќање оние семејни домаќинства чии просечни приходи по член на семејно домаќинство се помали од 25% од просечна нето плата исплатена во Републиката во претходните 3 месеци. Бидејќи тие што имаат под 25% од просечна плата по член на домаќинство, сигурно дека нема никаква можност да плаќаат. За нив е сеедно дали е еден или три тие нема да ја плаќаат. Затоа сметам дека треба реално да се согледа- ат работите. Реално во интерес на граѓаните бидејќи сме сепак народни избраници, меѓутоа, реално и во интерес на МРТВ.

Од друга страна пак ние и вчера заорувавме дека премногу рестриктивно се дадени услови на рекламирање. Значи, стеснет е просторот. До колку се прифатија некои амандмани во врска со рекламирање можеби и тензијата по овој амандман ќе се намалеше, односно ќе беше поприфатливо да се намалеше, за сите намалувања на оваа радиодифузна такса на 1%, која што да повториме, согласно реалните можности на граѓаните. Не се работи, како што некој кажа за лицитирање или пак за додворување на граѓаните. Бидејќи се работи за суштинско намалување од 3% на 1% напротив, до колку се усвои да биде радиодифузна такса 2,5% како што некои кажаа овде, дека треба да се

прифати, ќе значи едно козметичко, незначително намалуваше. Повторувам, до колку не се намали оваа такса на 1%, ќе биде намалување на една тешка, нова јавна давачка, за луѓето за граѓаните. Ние треба најпрво пред се Владата а и Парламентот да им создадеме на луѓето услови за нормална егзистенција а потоа да им наметнуваме тешки давачки. Дај боже да дојде време да бидат сите вработени, да нема социјални случаи, да бидат платите многу поголеми, во тие случаи сигурно нема да се поставуваат вакви прашања. Значи треба да се создадат нормални реални услови, па потоа да се наметнуваат давачи. Ние наметнуваме давачки на нешто што е неможно, за некои давачи кои не можат да се остварат, едноставно не можат да се платат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се разбира дека ваквите амандмани кои се во функција на нешто што значи борба за интересите на граѓаните односно за нашите гласачи побудува поголемо интересирање и внимание и кај нас тука, и се разбира,и пред македонската јавност. Меѓутоа при решавање на одредени проблеми односно при предлагање на определена такса како јавна давачка и разрешување на проблемите во јавната радиодифузна мрежа односно јавната радиодифузија во републикава мора да се пријде со многу посериозен пристап, поаѓајќи од досегашната поставеност на радио-дифузијата во Републиката.

Г-динот Коцевски мислам дека отвори едно многу суштинско прашање што е тоа што на оваа држава и треба, односно што треба да претставува МРТВ, јас да проширам колку канали таа треба да има, Македонското радио дали треба да има пет , дали 10 или три канали или два или тн., дали треба да се финансираат, локалните, јавни, радиодифузни претпријатија, дали треба да се финансираат од овие

средства радиодифузната такса при ваквите радиостаници, вака е кажано по наше, тоа се прашања кои треба да се разрешат.

Јас морам да ви кажам дека предлагањето да се воведе 1% радиодифузна такса, наместо 3% од досегашните 4% е за мене несериозен пристап, имајќи пред се досегашната поставеност на МРТВ, со се она што досега го имаме како информација.- Тоа практично значи укинување односно ставање клуч на МРТВ и ставање во глува сала на целата македонска јавност во овие услови.

Друго е прашањето кога ќе дојде законот тоа веројатно брзо ќе биде, кога ќе дојде законот за МРТВ, тогаш можеме да расправаме каква и во која форма ни е потребна таа и врз основа на тоа овој закон не е еднаш за секогаш да биде даден, ниту пак радиодифузната такса ќе биде статична и никогаш да не може да се промени. Ако ние со законот за МРТВ успееме да се сведеме во рамките на она што ни е потребно како држава, се разбира, дека од тоа произлезе да имаме помалку трошоци ќе ја намалиме и од 2,5% и од 4%. Сега гледате од 4% има предлози од Владата на 3%, па има предлог од поголем број на пратеници на 2,5%, што значи дека намалување е некаде за 1,5%.

Според тоа , мислам дека малку посериозен пристап треба да имаме на оваа работата и работите да ги решаваме не со овој закон во пакет се, туку закон по закон односно прашање по прашање онаму каде што му е местото, односно со соодветните закони на МРТВ и другите законски проекти , кои ќе следат, Законот за јавните гласила и тн.

Од друга страна имавме амандмани само да се потсетиме, кога ќе биде за распределба некако сите бараме да се делат на повеќе страни средствата.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ: (**продолжение)

Па за локалните радио станици, па за приватните радио станици 10% и 5, тоа е 15, па да се одржи радио дифузната мрежа во Републиката и т.н. , а од друга страна кога ќе треба да се определи процент велиме дека е многу голем. Па извинете. Или сакаме да постојат овие работи и процентот да го усогласиме во рамки на некакво приближно потребно ниво, јас гарантирам дека и со 2,5 и со 5 посто ,со ваква поставеност нема да бидат доволни тие средства. Меѓутоа со трансформацијата ќе може да се разговара и за намалувањето, а во овие услови сега треба да бидеме малку по сериозни и поконструктивни околу решавањето на овој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Факт е дека земјата, а како резултат на тоа и граѓаните се наоѓаат во тешка материјално - финансиска состојба, меѓутоа, факт е дека ни е потребна МРТ и во таа смисла треба да имаме изострено чувство за реалност, што е тоа што е најоптимално и што треба да го одлучиме на денешната седница.

Јас тоа што го побарав од министерот, го побарав затоа што сметам дека како пратеници заслужуваме Владата да ни достави како прилог на Законот еден таков табеларен преглед за да можеме многу посериозно да пристапиме кон разрешувањето на ова прашање. Посебно ме збунија бројките кои беа изнесени затоа што мислам дека не им помогна тоа на пратениците, во смисла на завршни сметки, загуби и т.н.

Суштината треба да се гледа во смисла на бројот на претплатниците, сумата која се обезбедува по тој основ,средствата кои се остваруваат по други основи од Фондот, во реклами и т.н.

Посебно сметам дека не држи неговата аргументација дека ќе се прибираат толку средства колку што сега се прибираат од следните причини:

Прво, доколку од прилика сега плаќаат редовно околу сто илјади граѓани, а според претпоставките дека сега ќе биде обврзна давачката, се очекува околу 500 илјади граѓани редовно да ги подмируваат своите обврски. Тоа значи е зголемување за 5 пати. Од тој аспект тврдењето дека ќе се собираат иста количина на средства како што сега се собираат е тотално неодржливо затоа што се работи за петоструко зголемување на претплатниците, а процентот се намалува само за 1%. Од 4% се намалува за 3%. Затоа сметам дека тука има можност да се направат напори да се договори друг процент, понизок од 3% затоа што со овој процент од 3%, како што предлага Владата под претпоставка дека ќе има 500 илјади претплатници, доаѓа месечен износ од 4.559.000 дм. Пресметајте колку е тоа на годишно ниво, додадете колку може да се остварат од реклами, и дали се тие пари доволни на МРТ , или е тоа сепак голем< давачка за граѓаните на РМ.

Посебно би сакал да кажам дека и за мене е несватливо зошто во Предлогот тоа не го кажа во општата дискусија, е ставено 10% од средствата што се даваат за комерцијални радио и телевизиски станици ако произведуваат програми од јавен интерес, затоа што тоа го немавме тоа досега и посебно затоа што експертите од Советот на Европа имаат дадено мислење дека тоа никаде го нема во Европа и во Светот, затоа што комерцијалните радио и ТВ станици некој си ги оснива затоа што мисли дека му се потребни и може да остварува профит. Јавниот

интерес се остварува преку МРТ како јавно радиодифузно претпријатие и можеби тука е шанса тие 10% да се насочат пак во МРТ, а не да се даваат на комерцијални радиотелевизиски програми, или евентуално да се бара, што би рекол народот друго чаре за претплатата за користење на сателитската програма, за програмите на националностите, за програмите за нашите сонародници во странство, па да се изнајде некое компромисно решение преку изнаоѓање на други извори на средства од Буџетот или по други осјови за компензирање на тие програми кои ги произведува МРТ.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Очигледно ќе треба да дообјаснам некои работи бидејќи веќе завлегуваат во сферата на струката.

Остварен вкупен приход е 1.629.000.000.

Во нашите закони за сметководство, како остварен вкупен приход се смета, или во вкупниот приход влегува фактурираната реализација. Значи во фактурирана реализација влегуваат сите талончиња што МТВ ги има дистрибуирано до корисниците на услуги. Меѓутоа, во рамките на тој вкупен приход такви средства се планирани 1.270.000.000. Меѓутоа не се наплатени од нив 790.000.000. Тука друго е прашање. Не е прашањето во завршните есапи, финансирањето, како тековно го исфинансирала работењето МТВ. Тоа нема врска со оваа работа, затоа што може да долгува како што долгува, или може да се задолжува како што се задолжува. Така да тоа се јасни параметри во финансиското работење. Јас на е тука целокупната ситуација затоа што мислам дека како резултат на анализите по таа финансиска состојба се извлечени ваквите бројки и се испланирало таква ставка.

Многу често се споменуваше и тоа 10%, зошто.

Прво 10% издвојуваме средства за финансирање на програми за јавен интерес, кои треба да ги создадат трговски радиодифузни друштва и кои треба да бидат од јавен интерес. Зошто тоа дополнително го правиме. Го правиме за да овозможиме во РМ, она што го спомнав и вчера, при определуваше на целите, што побргу тие да се вклучат во сопствено производство и да бидат по конкурентни на јавната радиодифузија, а што води во обезбедување во подобар квалитет на целокупната радиодифузна дејност во РМ, што е крајно од интерес на граѓаните на Република Македонија.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Тешко е човек да се одлучи за процентот затоа што податоците во приходниот дел и податоците во расходниот дел се многу варијабилна категорија. Така да никој не може да се заколни дека 1% или 4% е и дефинитивното решение. Во прашање е каква е стратегијата. Секако дека стратегијата на сите е да функционира МТВ како државна телевизија

Ова што ние го спомнуваме јавна телевизија и трговски друштва мислам ги мешаме поимите. И едната и другата се јавни. Не е едната јавна другата тајна. Меѓутоа се разликуваат во сопственоста. Едната е државна, а другата е приватна, во облик на трговски друштва. Постојано ние одиме и велиме јавна, јавна, како да е некоја друга, тајна.

Што сакам со тоа да кажам?

Инфраструктурата на телевизијата е национално добро. Тоа е добро на народот. Творец нејзин е народот, а државата со неа само управува и раководи.

XI/5.-

Сега кога има проблеми од функционирањето на МРТ , да се доведе во прашање нејзиното функционирање, постои следно прашање:

Дали ние имаме проблеми во фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Имаме. Имаме и проблеми во фондот за здравствено осигурување. Имаме проблеми во сферата на социјалната заштита. Постои Институт социјализација на проблематиката.

Со други зборови, ако не може да има консензус, национална конвенција за процентот, дали ќе биде 2,2,5 или 3 било каков и да е една конвенција и една општа согласност треба да постои на било кои политички субјекти и од било која политичка провинциенција, дека и Буџетот треба да дејствува социјално и во сферата на телевизијата, заради општата влошена економска ситуација.

Воглавно која е стратегијата?

Во суштина овде се отвара едно крупно прашање. Дали сме за демократизација и за опфатност на целокупната популација со телевизија, или ќе ги исклучуваме телевизорите на оние што не можат да платат. Тоа е стратешко прашање. Ако сме за демократизација во информативната сфера, тоа значи висок процент на опфатност, тоа значи обврска и на државата да учествува во финансирањето на МТВ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Ние ги разводнивме малку работите бидејќи имаше конкретен амандман на 2%, но добро, одеднаш , да заврши оваа дискусија за да не се враќаме на 3, на 1, на 2,5, на 4% и т.н.

Јас морам да кажам едно интимно чувство дека во овој момент се чувствувам бедно, кога ние не можеме да обезбедиме граѓаните на

оваа држава да плаќаат еден надоместок со задоволство, затоа што од друга страна таа јавна телевизија, сепак, на своите 2 или 3 канала ги анимира сите тие граѓани како потрошувачи.

Видете што се случува . Ние денес од над стотина амандмани, целиот овој закон ќе го сведеме на тоа дали ќе се избориме, се разбира со политизација на процентот, колкава ќе биде таа такса и практично целиот закон ќе го вулгаризираме и ќе го преточиме, дали сме направиле успешен закон или не, која такса и кој предлог сме го усвоиле.

Сакам да бидат неоптоварен и сум затоа што ниту имам причина, ниту можам од оваа говорница да дејствувам на граѓаните во смисла мојот предлог да биде привлечен или не. Сепак повеќето дискутанти објективно се согласуваме во едно. А тоа е дека е потребно да финансираме една таква институција од многу причини. Се согласуваме консензуално дека таа јавна македонска РТВ мора да се рационализира, мора да биде прилагодена кон она што значи пазарна економија. Дека тој простор во кој сите вложувавме , ако веднаш треба да усвоиме 1%, а јас мислам дека сепак ќе помогнам ако предложам да усвоиме такса од 2% засега. Да појдеме ние со оваа такса, една реална такса која можат да ја прифатат најголемиот број на граѓаните, затоа што морам да Ви укажам, дека за жал имаме ние граѓани кај кој се слеваат илјада дм. па не плаќаат претплата. Значи не е во прашање само социјалниот момен1 и обратно. Имаме граѓани, домаќини, воспитани кои што , мораме да признаеме, јавните давачки по традиција си ги подмируваат. Не сакаат да одат по судови и не сакаат никој да им тропне на врата и да ги третира како должници. Затоа на нас ни претстои донесување на закон за МРТ. Дајте ние вечерва да го изгласаме законот со 2% и од утре тие пари да се слеваат во оваа куќа бидејќи добро рече еден дискутант

ќе се донесе тој закон, ќе видиме, ќе има министерот точни податоци колку средства се слеваат и дајте еднаш да го разрешиме овој проблем. Нема смисла навистина вечерва да политизираме со сиромаштијата на нашите граѓани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги.

Бидејќи чувствувам дека веќе стрплението е на крај сакам сосема кратко нешто да кажам.

Впрочем ние овде расправаме за работи кои се многу слични или исти, но ги делиме на еден начин, што значи вештачко нивно делење На пример дали е објективна потреба на заедницата постоењето на РТМ и системот кој неја ја одржува односно целиот систем на служење со ЕРТМ системи, релејниот систем. Дали тој систем треба да се плаќа и колку он објективно чини.

Второ ние сме основачи на таа куќа. Дали сакаме 1,2,3,4 или 5 програми. Тоа кога ќе дојде извештајот и законот за таа куќа да го утврдиме. Се друго, колку програма ни треба, во таа куќа да се произведи и целиот систем, да се одржи, мора да се плати. Колку чини ќе кажеш г-дине министре. Сега како ќе го надокнадиме тоа:

За народот, ако сакаме демагогија ќе кажеме ништо да не плати. Меѓутоа да бидеме поштени и да му кажеме на народот јавно и да не платиш директно, индиректно ќе ти ги земат тие пари, бидејќи тоа мора да се плати.

Јас мислам и власта сега може да покаже демагогија ако сака. Ќ е излезе тука и ќе каже нема веќе РТВ такса, а ќе ја зголеми електричната енергија за 3% и ќе се договори тие 3% ќе ги даде таму.

XI/8.-

Да се разбереме. Јас ќе примам и 1% и 2% и 3% кој сакате процент, ќе гласам, затоа што мислам ако е тој трошок , тој ќе ми се земе и така и така. А би бил за помала такса, искрено да Ви кажам, затоа што сум спремен сам да плаќам од оној што има помалку од мене. Таа позиција би ја прифатил и би гласал за тоа. Меѓутоа свесен сум дека таа такса мора да се даде, директно или индиректно.

Второ, кога се работи за албанската популација и другите националности, ние имаме две алтернативи, како што се овде и предлог. Затоа што не сме задоволни сеуште со ширината на програмата, помалку да плаќаме, или да бараме поголема програма. Јас сум за ова второто. Еднакво да учествуваме во таксата, а по можност да се прошири квантитативно и квалитативно програмата.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Мене ми е потполно јасно дека МТВ и секоја телевизија чини многу. Ние викаме овде да намалиме ова да намалиме она, ќе се намалат трошоците . Тоа го зборуваме, а тоа не е точно.

За да постои ТВ мора да има зграда, мора да има апаратура, мора да има релејни системи и т.н. Тие се практично фиксни трошоци за телевизијата. Тие мора да ги имаме ако сакаме да имаме телевизија. Може да се намали нешто бројчано во луѓето, во тоа во суштина нема да ги намали трошоците. Може да ја зголемат ефикасноста во работењето Според тоа проблемот тука е во следното. Таа телевизија толку чини за 2 милиона население, за 10 милиони и за 2 0 милиони. Друго е тоа што ние имаме 2 милиона население,а мораме да ја плаќаме таа телевизија која ќе чини и за 10 милиона население, а ќе плаќа 10 милиони население, такса, а не 2 милиона население. Според тоа мене ми е тоа јасно. Меѓутоа состојбата кај вработените, кај луѓето е сосема друга

XI/9.-

и поголем дел од населението во Македонија не е во состојба да плаќа толкава колку што се предвидува, бидејќи кај некој луѓе тоа преставува 10 % од примањата.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:** (Продолжение)

Има многу луѓе посебно во Штип кои примаат 3000, 4000 денари плата, а треба да дадат 300 денари, тоа е 10%. Јас тука сакам да ви предочам дека ние пратениците во<Штип добивме,тука другите ги нема па морам јас сам ова да го кажам, веројатно и тие ќе го кажеа, добивм од поголемите претпријатија во Штип од нивните синдикални организации материјали во кои се бара таксата да изнесува 1% од гарантираниоте личен доход, бидејќи поголем дел во Штип примаат гарантиран личен доход т.е. плата. Знам дека ова е неизводливо но јас сум замолен тоа да го кажам и морам да го кажам и да ја прикажам состојбата таква како што е во Штип. Сигурно дека ова не е баш најодржливо, меѓутоа со 1% би бил во состојба да ги убедам луѓето во Штип, работниците, тука од најголемите колективи се, да не ги читам кои се, тоа се 5,6 колективи би можел да ги убедам со 1% од просечната плата во Републиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Шекспир ќе велеше многу врева за ништо. Па оваа Влада не е баш без памет и оваа владеачка партија. Се знае нормално нема друго што и во самиот закон пишува дека таксата за радиодифузија оди во Буџетот на Републиката. И оваа телевизија која постои сега таа не е народна, не е граѓанска, туку точно владина телевизија, точно теле- визија на владеачката партија. И секој ден, секоја вечер само нив ги гледам преку телевизија и тие мораат преку оваа телевизија и преку оваа такса што за нив е мала да случајно можат да останат на власт. Јас потоплоно се согласувам со Либералната партија, тука сме и блиски многу во овие проценти, меѓутоа да кажеме да беа на власт како што беа порано исто

би останале и за четири и за три, ако треба и за 5%. Тоа да сме на чисто. Само отворивме широка дискусија. Да не должам многу овде може да се разговара до утре и оваа е многу осетлива работи токму овој член за кој ние имаме еден амандман, тоа го предложи и тоа компромисно решение со нас пратениците. Јас имам друго мислење. Господинот Хисни Шаќири кој има некои тешки семејни проблеми за тоа не е ни присутен, па тој денес повторно да го бранам тој негов амандман, тоа е нешто слично. Да ви кажам една работа. Значи со оваа такса од 3% оваа Влада ако е паметна, па не е ни многу паметна. Ако бара 3%,а тука беше речено само малку да потенцирам нема да добие ни 1%. Затоа подобро ќе беше, јас сум и го кажав тоа за ослободување од таксата воопшто за радио телевизија прво.

Второ, да се плаќа спрема можностите на поедини граѓани значи поедини категории.

Трето најминимално компромисот навистина што е оправдано и да имаме повеќе можности материјални и финансиски да биде 1%. Тоа е едно. Второ, тоа што беше речено за програмите. Видете, нели одиме и ние кон пазарната економија, кон пазарното стопанисување. И ве мола* значи не само што и сите граѓани во Македонија се оптеретени со разни давачки и знаеме дека ние сме веќе социјална држава и така, но посебно за албанците и другите националности таа програма не одговара. Таа програма не само што е под контрола на Владата, на владеачката партија, туку зошто да плаќаат. Значи не сме еднакви и еднакво да плаќаме. Мора некој ред тука да постои. Ние пратиме сега преку тие ако останат а треба да останат овие радио телевизии што засега се приватни, а во иднина ќе видиме како ќе биде а уште повеќе пратат луѓето и македонците и албанците странски телевизии. Па да ви кажам искрено ако ги прашуваш граѓаните од Република Македонија дали сте согласни да постои ваква телевизија каква што постои и да не плаќаат

јас ви гарантирам дека ќе се согласат да не биде никаква телевизија и да не плаќаат. Затоа минимумот барем да биде 1% и тоа по можност за некоја категоризација на граѓани и да се ослободи еден дел кој прима социјална помош, кои имаат многу мали примања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот на член 7 3 поднесен од пратеникот Митко Илиевски

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 73 став 1 поднесен ох пратениците Хисни Шаќири, Сали Рамадани, Наци Пурде, Рами Туда, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Амандманот го повлекуваат. ,

Отворам претрес по амандманот на член 73 за менување на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Ристо Николовски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, иако овој амандман е скоро поврзан со претходните за кои што водевме дискусија би сакал само неколку работи да ги кажам со оглед на тоа што кога се расправаше

за амандманот од 2% беше овде речено дека амандманот со кој што се предлага радиодифузната такса да биде 1% е несериозен. Јас сметам дека право е на секој да размислува како има свое мислеше по однос на едно прашање, но сепак целокупната расправа по однос на радиодифузната такса сепак доведе до една цел. Имено доведе до констатација дека очигледно во јавното радио дифузно претпријатие односно во МРТ во Македонија е потребна рационализација, е потребно поставување на други основи и едно се согласивме сите дека при таа рационализација многумина од таму ќе останат без работа. Но сепак, сметам дека одиме на тој чекор дека не може овие претставници на пример од МРТ кои денес овде со нас работат повеќе од 15 часа и можеби ќе останат некогаш и повеќе да земат иста плата со тие нивни колеги кои што по цел ден пијат кафе таму во МРТ. И барем ова нашето доведе до таа цел да направиме една рационализација и да се преземат чекори понатаму во МРТ.

Втора работа што сакам да ја кажам по однос на амандманот кој што го имаме поднесено, вториот дел од амандманот е да се ослободат сите домаќинства од радиодифузна такса чии што примања се помали од 25% по член на семејство од просечната плата исплатена во Република Македонија за претходните месеци. Сметаме дека ако се декларираме дека водиме социјална политика и ако државата нема од својот буџет да им даде на граѓаните социјална помош, дека нашиот предлог и нашиот амандман ќе и помогне на Владата да води социјална политика во Република Македонија со тоа што би ги ослободила од плаќање сите оние семејства каде што: месечните примања се помали од 25% по член на семејството. Сметам дека нема потреба повеќе да го образлагам овој амандман затоа што и најпростата математика која што ја имаат во сите напредни земји покажува дека помалата давачка секогаш има поголеми приходи.

XII/5

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, чувствувам потреба најпрво да го изнесам содржински амандманот на пратеничката група на Либерално - демократската партија кој се состои во тоа да радиодифузната такса во висина изнесува 1% а да бидат ослободени оние корисници на радио и ТВ приемници кои што по член на семејство имаат помал: од 25% од просечната плата во Република Македонија. Коментирајќи го и она што во претходните амандмани во однос на висината што овде се искажа, сметам дека исто така кореспондирајќи со јавноста во интерес е да се каже вистинската смисла на сценариото по мене по ова прашање диктирано од самиот предлагач. Во што се состои суштината? Фактички се постигна со тоа сценарио на предлагачот да ние овде како пратеници и како Парламент се впуштиме во расправа дали е исправно и целисходно висината на таксата да изнесува 3% како што е предлогот на Владата, 2,5% како што е сценариото на дел од пратениците на СДСМ, 2% или 1% како што е нашиот предлог. Суштината на прашањето е во друго. По мое длабоко убедување. Со ова сценарио на истрошување, на експлоатирање на расправата по однос на процентот на висината на стапката фактички предлагачот сака да ја отстрани важноста и значењето на ова прашање како воведување на јавна давачка. Зошто е реакцијата голема, зошто е и од непосредното граѓанство има доста контактираност по однос на ова актуелно прашање кое ќе се сложите и по мое мислење тоа е и главната битка по однос на овој закон за како тој се сваќа и се прима кај граѓаните. На што мислат. Прашањето се состои во тоа што оваа Влада, овој предлагач доведувајќи ги истите тие граѓани, во конкретниот случај како корисници на радио и ТВ приемници во една многу незавидна социјална многу тешка состојба се поставува прашањето за нејзиниот легитимитет и право за воведување на ваква такса со ваква висина. Значи во што е

суштината. Се избегнува главната поента за тоа што истата таа власт, истата таа Влада која што ги доведе во многу лоша социјална состојба добар дел од граѓанството и целокупни структури на граѓаните. Навистина се поставува прашањето и по мое убедување нема легитимитет, истата нема право да воведува ваква јавна давачка со ваква висина и процент. И за тоа се тие реагирања, за тоа е ова дилемично полемизирање и на самата оваа расправа. Во правиот систем секој па и нашиот има едно правило суштинско дека во една дилемичност, во една спорност на прашање секогаш треба определбата да падне на страна на должникот. Во конкретниот случај тоа е граѓанството како консументи на програми од радио и ТВ медиумите. Многу е природно во ваква спорна ситуација кога е одредувањето на процентот и висината за радиодифузната такса и ние како пратеници застапувајќи ги интересите на тие исти граѓани да се определиме од тоа правило да во таков случај да застанеме на страната при одлучувањето во интерес на должниците кои се обврзници за плаќање на оваа такса односно во интерес на граѓаните со одредување на такса од 1%. Исто така сметам дека едно многу важно прашање таквата структура на население која што мора да признаете и најмногубројна во консумирањето на радио и ТВ програмите и најмногу е и манипулирана од страна на македонската радио телевизија и спаѓа една апсурдна ситуација да таа струја што е најголем консумент на програмата, што е најмногу изложена во предметноста на манипулирање од страна на јавното претпријатие за радиодифузија е и најмногу оптоварена со оваа давачка и најмногу тешко ќе ја осеќа како јавна давачка. Сметам дека од страна на предлагачот навистина треба да се изрази едно разбирање во делот на висината на таксата, па нека и ние како Парламент и нека и предлагачот како Влада еднаш погреши во интерес на граѓаните. Нека се погреши и да донесеме по грешка еден закон, или еден дел, една содржина од тој закон кој што во делот на висината на таксата ќе одреди

таков процент кој повеќе одговара и е поадекватен на социјалната состојба на граѓаните. И една многу битна работа која е фактички вториот дел на амандманот на пратеничката група на Либерално - демократската партија, тоа е делот на ослободувањето на структурата на граѓани корисници на радио и ТВ приемници кои што имаат по член на семејство помалку приходи од 25% од просечната плата. Така што јас инсистирам од страна на предлагачот да има посебно изјаснување како по делот на висината на таксата и по мене е по важност исто така многу битно при одредувањето на висината на оваа јавна давачка кои се тие корисници, да не го ние како парламент делегираме тоа право на Владата да таа со програма одредува кои се тие корисници што дополнително ќе ги ослободи. Па најголема реакција е и најголем намет е и цела борба на застапување наше како пратеници е за таа структура што ова му е висока давачка да се одреди начинот и постапката за нивно ослободување како што предлага пратеничката група на Либерално - демократската партија да тоа биде за оние домаќинства кои по член на семејство имаат помалку од 25% од просечната плата. Инсистирам до предлагачот посебно да се изјасни како по однос на висината која сметаме дека е реална и поднослива од страна на сите граѓани со ефектите за зголемен обем на наплата ви за ви сегашниот мал обем на наплата што го има со вака високата такса. Но, исто така предлагачот да се изјасни и по прашањето за ослободување на оние корисници кои се социјално загрозени за кои зборуваше мојот колега Панче Насев и треба да има целосно разбирање кон таа структура и фактички и нашата борба и нашето застапување на интересите на тие граѓани треба во тоа да се состои. Во уверување дека ќе донесеме закон, во овој дел во интерес на граѓаните и тоа на рамноправно, или адекватно за различните структури на граѓаните.

XII/8

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, расправата по овие неколку амандмани кои се однесуваат на исти член и на исти став во членот покажа дека очигледно дека сепак е многу голем интересот баш за овој ред од законот. Но очигледно е и тоа дека сето ова немаше да дојде, или ќе беше многу поедноставно да се разговара и да се размислува доколку се имаше јасен и изграден став и тој став да беше изнесен тука пред Собранието што навистина и треба на Република Македонија во областа да ја наречеме државната телевизија. За жал иако во повеќе наврати се расправаше, се кажуваше дека ќе има такви согледувања ние и ден денес не знаеме дали ни треба еден, два или три, а можеби и пет канали државни кои ќе ги субвенционираме од оваа претплата, каква се програма на тие анали ќе имаме, што се и треба на нашата Република на оваа млада држава да си го пробие патот до Европа.

XIII/1/СП/лј

**КИРЕ ВИДИМЧЕ: (**продолжение)

Толку проценти или толку проценти во принцип, по мене, се да не речам несериозни, но сепак во таа категорија би се сврстале, бидејќи сепак тие износи се определуваат само на база на досегашните трошоци, а не на база на тоа што навистина нам ни треба и колку тоа навистина ќе ја чини оваа држава па оттаму да произлезе, и начинот на формирање на цената.

Веројатно сега се поаѓа од претпоставката толку пари ни требаа досега, толку пари ќе ни требаат и едноставно процентот ќе го определуваме толку ќе биде, 4, 3, или 2,5% како ќе се погодите и ќе видим' што ќе биде.

Би сакал да направам една анализа, немајќи ги овие податоци за вистинските потреби на Република Македонија во таа област, една анализа која мислам дека нешто ќе каже.

Имено, од ова говорница слушнавме дека приходите минатата година на целата куќа беа околу 60 милиони ДМ. Зборувам апроксимативно со заокружени бројки, од кои 10-12 милиони ДМ се однесуваа само на претплатата. Факт е дека досега максималниот износ на претплата е 20%. Во некои месеци слегува на 15% од вкупниот број на претплатници да плаќаат претплата што значи дека е катастрофално лош одекот на граѓанството.

Што би значела варијантата која се предлага во Законот од 3%. Дали тоа ќе може да повлече евентуално зголемување на процентот на уплатата на граѓаните. Јас сум у беден дека не може да повлече многу, бидејќи од досегашната цена од 330 денари ќе слеземе на 270 денари, тоа е минормна разлика и не очекувам скоро никаква разлика во процентот на наплатата од страна на граѓаните. Така што ако очекуваме 20% нека биде и 25% наплатата претпоставувам не може повеќе да оди по тој основ би добиле некаде околу 12 до 13 милиони ДМ годишен прили по основ на наплата. Бидејќи малку ја намалуваме цената малку ја

зголемуваме претплатата и не добиваме скоро ништо. Фактот што Либерално - демократската партија нуди варијанта со 1% е многу поприфатлив бидејќи сеп 100-те денари или 90 денари колку што е претплатата ќе претставува лесно решлив проблем, и решлив проблем, за многу поволен број граѓани и јас очекувам најмалку 70-80% од граѓаните да можат редовно да ја плаќаат претплатата. Собирано на бројките множено, како сакате, сепак се добива истата сума по основ на претплата што би ја добиле доколку ја зачуваме претплатата од 3% со бројот на претплатници кои ќе ја плаќаат претплатата од 25% така што односите се тие и жалосно е што сега се разговара дали толку да биде или волку. Слично е размислувањето како со даночната политика која, дефакто, се покажува како нерационална бидејќи граѓаните се товарат со високи даноци и имаме состојба сите да избегнуваат плаќање на даноци, не се обидува да се размислува тие даноци да се намалат и да им дадеме шанса на луѓето да си го платат делот кон државата и убеден сум дека тогаш во тие услови ќе имаме најмалку иста ситуација, ако не и подобра, во однос на од екот на граѓаните во плаќањето на своите давачки према државата.

Еден друг момент, во структурата на средствата кои ги доби ва МРТВ од разни извори испаѓа дека доминантен дел е она што го нарекоа други останати извори. Зошто не се бара можност и начин таму да се интервенира да се зголеми можноста за зголемување на тој дел бидејќи е тој доминантен со мало зголемување на тој дел ќе добиеме можност за зголемување на вкупната сума која се добива. Што значи тоа? Овој дел, веројатно тука се влезени рекламите, давање под закуп и секакви услуги што ги даваат тие куќи. Дали со предлагањето на 3%) односно фиксирањето на оваа сума на ова ниво предлагачите претпоставуваат дека нашето стопанство, недајбоже ќе оди на лошо па не ќе може да одвојува и да дава за реклами и за се друго во оваа куќа. Добиваме слика дека натаму ќе одиме на добро значи ќе се развиваме, ако ние се

развиваме нормално е стопанството да има шанси и можности повеќе да финансира во рекламата и во сите други дејности. Ако е така тогаш овој доминантен дел во финансирањето драстично ќе се зголемува и ќе имаме шанса тука да се интервенира. Сега испаѓа на очиглед на сите нас ни се нуди теза дека некако посредно јасно се гледа дека стопанството се проектира дека не ќе може да се развива и се тргнува од таа претпоставка дај да ги земеме парите од граѓаните.

Спрема тоа, навистина, математиките иако се многу прости, многу речити кажуваат дека и со 1% претплата се задоволуваат потребите кои се нудат тука со тоа што им даваме шанса на сите граѓани на РМ, да си го платат долгот спрема МРТВ односно спрема државната телевизија а со наметнување други проценти навистина се оди во можност и во присилување на граѓаните тоа да го одбегнуваат.

Би сакал уште нешто да коментирам на изнесените тези дека се оди во пазарење и сл. Амандманот кој стигна последен кон овој член, во кој група пратеници од СДСМ нудат компромисна стапка од 2,5% е очигледен производ на пазарење и доколку овој амандман се прифати од Владата или се усвои од пратеничката група на СДС јасно ќе покаже дека сепак во принцип е пазарење кое на крајот ќе си ги каже своите резултати и ќе испадне дека ете ние побаравме и ни прифатија да биде 2,5%, но јас ве убедувам дека сепак математиките го кажуваат тоа дека и со 1% парите ќе бидат идентично собрани нема ни малку да фали, а има шанси да се зголеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бар збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Г-динот Даневски бара процедурално.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изјаснуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имате поддршка, но нема смисла.

Бидејќи станува збор, за неколку...

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Граѓаните ќе кажат дали има смисла или нема смисла.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, деловнички доколку станува збор за тесно мнозинство за 2, 3, 10 гласа, но за 30 гласа ...

Молам секретарот да помине на поединечно изјаснување.

**ЃОРЃИ СТРЕЗОСКИ:**

ФАИК АБДИ - не е тука

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА - не е тука

АБДУРАХМАН АЛИТИ, не е тука

ЈАНЕ АНГЕЛОВСКИ, не е тука

СТОЈАН АНДОВ - не е тука

БРАНКО АРСОВСКИ - воздржан

ЃОРЃИ АТАНАСОВ - против

АМДИ БАЈРАМ - против

ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ - воздржан

РУБИНЧО БЕЛЧЕВСКИ - против

МЕРСЕЛ БИЛАЛИ - не е тука

ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ - не е тука

СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ - против И

ИВАН БОЈКОВ - против

ЈОРДАН БОЖИНОВСКИ - не е тука

АТАНАС ВАНГЕЛОВ НЕ Е ТУКА

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - не е тука

XIII/5.-

КИРЕ ВИДИМЧЕ - за

ДИМИТРИЈА ВРЕЗОСКИ - против

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - не е тука

ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ - воздржан

ТУШЕ ГОШЕВ - против

ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ - против

САНДЕ ДАВЧЕВ - не е тука

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ - за

ЛАЗАР ДИМОВ - не е тука

ДРАГАН ЃОРГЃИЕВ - воздржан

САМИ ИБРАИМИ - не е тука

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - не е тука

МИРКО ИВАНОВ - не е тука

АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ - против

ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука

МИТКО ИЛИЈЕВСКИ - против

АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ - против

ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ - воздржан

ЗЕЌИР КАДРИУ - не е тука

ЗВОНКО КАРОВ - против

ИЛИЈА КАРОВ - за

СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ - против

БОРИС КОСТАКЕВ - против

СЛАВКО КОТЕВСКИ - не е тука

МАРЈАН КОТЛАР - не е тука

АЦЕ КОЦЕВСКИ - за

ЗОРАН КРСТЕВСКИ - не е тука

РАТКА КУЉАН ЗОГРАФСКА - не е тука

ЈОВАН ЛАЗАРЕВ - не е тука

МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ - против

XIII/6.-

ПЕРСИДА МАЛИНСКА - не е тука

НАЗМИ МАЛИЧИ - за

РИСТО МАРКОВСКИ - против

РИСТО МАСЕВ - не е тука

ЉУПЧО МЕШКОВ - не е тука

ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ - воздржан

ПАНЧО МИНОВ - за

ДРАГАН МИТЕВСКИ - против

ИЛИНКА МИТРЕВА - воздржана

БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ не е тука

ЏЕЛАДИН МУРАТИ - воздржан

ФЕРИД МУСОСКИ - воздржан

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ - за

ПАНЧЕ НАСЕВ - за

ДИМЧЕ НАСТОСКИ - не е тука

СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е тука

ВАНЕ НАУМОВСКИ - не е тука

СИМОН НАУМОВСКИ не е тука

МАРЈАН НАЧЕВСКИ - против

ЈОВАН НИКОЛОВ - против

ДУШАН НИКОЛОВСКИ - воздржан

РИСТО НИКОЛОВСКИ - за

БОРИС ПАВЛОВ - не е тука;

ТОДОСИЈА ПАУНОВ - не е ту ка

ТИТО ПЕТКОВСКИ - против

МИРКО ПЕЦОВ - воздржан

ДРАГОЉУБ ПОПОВИК - против

ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ - не е тука

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - не е тука

НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ - не е тука

XIII/7.-

НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ - против

АБДУРАУФ ПРУСИ - не е тука

НАЏИ ПУРДЕ - не е тука

ИСМЕТ РАМАДАНИ - воздржан

САЛИ РАМАДАНИ - за

ХИСЕН РАМАДАНИ - воздржан

МИТКО РИСТЕВСКИ - не е тука

НАНО РУЖИН - не е тука

БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ - против

НАУМ СИМЈАНОВСКИ - не е тука

ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ - не е тука

КИРИЛ СПАСОВСКИ - против

ЈОВАН СРБИНОВСКИ - не е тука

ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ - за

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - не е тука

ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ - воздржан

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - воздржан

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ - не е тука

БЛАГОЈ СТОКОВСКИ - против

ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ - воздржан

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - воздржан

МЕВЉАН ТАИРИ - не е тука

ВЕЉО ТАНТАРОВ - воздржан

ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - не е тука

ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ - за

НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА - не е тука

ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ - против

МИЛЧО ТРАЈКОВ - против

РИСТО ТРАЈКОВ - против

МИРКО ТРИПУНОВСКИ – против

РАМИ ТУДА - не е тука

БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ - против

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ - не е тука

БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ - против

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - воздржан

ЌЕНАН ХАСИПИ - не е тука

ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ - против

СЛАВЧО ЧАПОВ - за

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - не е тука

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ - против А

РБЕН ЏАФЕРИ - не е тука

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - против

ЗОРАН ШАПУРИК - за

ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 66 пратеника. За гласале 14 пратеника Против гласале 35 пратеника. Воздржани 17 пратеника.

Според тоа констатирам дека амандманот не е усвоен.

XIV/1. НН/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 75 став 1 и 2 и за бришење на став 4 поднесен од Комисијата за сообраќај и врски и пратениците Мевљан Тахири, Благоја Стојковски, Никола Р. Поповски и Слободан Богдановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Поднесувајќи го овој амандман на член 75 кој зборува за тоа дека наплатата на радиодифузната такса да се одвива преку сметката електрична енергија без во дилема дали овој амандман да биде поднесен од проста причина што сакав пред се да се тргнам од тоа дека сум вработен во Електростопанство", поточно во Електродисти-рбутивниот систем кој врши наплата на електрична енергија.

Посматрајќи го Предлогот на законот без дилема утврдив дека со ставање на наплатата во сметките за електрична енергија сигурно очекувам дека претплатата за РТВ, процентот кој според мои сознанија во изминатите години не беше поголем од 40%, сигурно преку овој начин ке биде покажен над 50% и од таа причина бев убеден дека тоа е навистина добро за овој систем на информирање во Македоијан бидејќи

на таков начин ќе обезбедевме подобри програми на МРТ. Исто така ке обезбедевме поголеми средства во остварувањето на развојната програма на радиодифузната мрежа, како и во остварување на Програмата за остварување на радиодифузната мрежа особено што ние како пратеници немаше седница на која се поставуваа прашања да не баравме од МРТ поставување на репетироти за покривање на целиот простор на РМ. Сето ова ако се посматра од една страна ги дава позитивните страни во однос на остварување на оваа функција на радиодифузната мрежа во Македонија, меѓутоа сепак се одлучив да го поднесам амандманот во кој барам наплатата да не се извршува преку сметките за електрична енергија од проста причина и од причина на сознанија кои ги имам и од дилеми кои кај мене оставаат недоумица во тоа што со еден ваков приод во разрешување на наплатата на радиоодивузната такса ќе се предизвика на вториот систем, системот на Електростопанство на Македонија за кој мора да кажам дека во овој транзиционен период функционираше задоволително и дали тоа задоволително ќе го одржиме и понатаму. И тука сметам дека имаме снаги, имаме сили тоа да го направиме и не треба да се поднесе амандманот, меѓутоа Електростопанство, а пред се Електродистибуција-та во изминатите две години се наоѓа пред обезбедување на меѓу. народни кредити за реконструкција и ревитализација на електродисти-бутивната мрежа.

Студиите за реконструкција на Електродистрибутивната мрежа која е во состојба на распаѓање се направени и доставени до меѓународните монетарни финансиски институции кои од своја страна побараа пред се намалување на бројот на вработените кое го направив прегласување на технолошки вишок и зголемување на процентот на наплатата. Мора, да кажам дека процентот на наплатата се движи некаде околу 90% во

Електростопанство, меѓутоа условени сме дека тој процент треба да биде некаде околу 95%.

Како што сум сигурен дека процентот на наплата на РТВ преку овој начин ќе порасне сигурен сум дека овој сегашен процент што го имаме во Електростопанство со ставање во сметката за електрична енергија и на радиодивузната такса ќе се намали од неколку причини кои сакам пред вас да ги изнесам и пред јавноста наша.

Прво, морам да кажам дека зад нив се 4 години, РТВ не изнајдоа начин како да си ја приберат такса иако за тоа динксовине и закон. И покрај закон и покрај се створивме една лоша навика кај нашите граѓани да не ја плаќаат оваа такса. Таа створена навика во натамошниот период на наплата ќе предизвика последици на неплакање и на сметката за електрична енергија.

Второ, зголемен број на сметки во летната сезона се со големина со висина, колку што изнесува и РТВ претплатата. Тоа мора да кажеме дека ќе предизвика исто така додатни проблеми во остварувањето на денарот за Електростопанство.

Исто така, морам да кажеме дека со ваков начин се доведува во прашање функционирање на системот на наплата во Електростопанство кој систем на наплата веќе три години упорно го спроведуваме. На таа упорност, на таа работливост можевме да дојдеме до наплата до 90%, а тој систем е стимулативен. Значи оној што наплати е наградив, оној што има процент под толку и толку е казнет. Сега со фрлање на сметките со додатни средства не знам колку ќе може да функционира овој систем на процент на наплата.

XIV/4.-

Второ, со закон за неплатена сметка од електрична енергија сме овластени по дадена опомена да извршиме исклучување на електрична енергија. Сега ќе имаме случаи потрошувачите ќе плаќаат дел од сметка на општа уплатница само електрична енергија или само ТВ па ќе треба да помине доста време за да се утврди што е платено, што не е платено, бидејќи на сметките имаат уште една комунална такса, тоа е улично осветление .

Системот на отужување, бидејќи и по исклучувањето имаме проблеми за наплата, вршиме и отужување и она што, не знам дали беа прифатени, амандманите иако ги прате доста, имаше неколку амандмани меѓутоа една работа е многу битна.

Ние во електростопанство имаме систем на наплата за ридско планинските и неразвиени погранични тела наплатата да ја вршиме на 3 или 6 месеци со една сметка. Што станува сега? Дали во таа сметка ќе има само редна радиодиузна такса на 6 месеци, значи на година само две, или таму каде наплаќаме на три месеци ќе имаме 4 радиодифузни такси или кока ќе отидеме со сметка за електрична енергија за која треба да плати 700 денари, ние на тоа уште ќе му додадеме шест пати по процентот кој денес го утврдуваме за наплата на радиотакса, така да ќе излезе една многу висока сметка за населението од ридско-планиските подрачја. Меѓутоа сметам да го искористи присуството на министерот, сепак Владата со членот 72 што има обврска да донесе пропис за кои подрачја не треба да плаќаат дека оваа моја дискусија меѓу другото барем ќе придонесе и Владата барем ќе го земе во предвид ова искажување дека во тие подрачја каде наплаќаме со една сметка за 6 месеци ќе мора, исто така да се прилагоди према електростопанскиот дистрибутивен систем.

Од тие причини не од тие причини што сум вработен во Електростопанство што ги изнесов, кои створија голема дилема, реков позитивното што е. Сум за тоа позитивно сум за добра телевизија, за телевизија која правилно информира бидејќи добро информиран граѓанин е најголемо богатство. Сум за тоа да биде покриена Македонија со сите репретироти, меѓутоа и ова кај мене створи дилема дека можеби во овој систем ќе предизвикаме и некои несакани последици. Од тие причини го поднесов и амандманот.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Амандманот кој моментално го разгледуваме и кој е предложен од тројца колеги пратеници во целост го прифаќам до повеќе аспекти.

Прво, Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија и тоа како е значителен фактор за развојот на оваа држава, а да бидам поконкретен и за опстанокот на оваа држава и единствените и вистински приходи на ова претпријатие се исклучиво преку наплатата на своите побарувања од корисниците на услугите. Во време кога тоа јавно претпријатие се најде пред искушението да го реализира во што поголем обем бараното во однос на наплатата и кога тоа успеа добиваме контра удар да покрај потрошената електрична енергија на сметката се доставува и сметката за радиодифузна такса. Што тоа ќе значи кога инкасаторот, и онака зборот инкасатор во нашата Република е многу непожелен граѓаните не баш радо ги примаат пред своите врати, што тоа ќе значи кога тој ќе дојде на вратата и ќе почука и ќе рече дајте уште 300 денари мимо сметката која редовно си доаѓа за потрошената електрична енергија.

XIV/6.-

Јас би се помислил дали воопшто и го прифатил овој амандман доколку се прифатеше варијантата да се оди со 1% радиодифузничка такса. Во тој случај сумата ќе беше навистина мала и немаше да прави некој проблем, а сепак сега во овој момент кога сумата од скоро 300 денари ќе се придодаде на сметката за електрична енергија ќе преставува позамашна сума и неминовен е фактот дека тоа ќе повлече контраудар во намалување на наплатата во Електростопанството односно во намалување на наплатата на потрошената електрична енергиј Сега што добиваме? На некој начин некој тоа би го нарекол социјализирање на проблемот, односно ако имаме на едно место многу јак проблем односно голем процент на неплакање, а на друго место имаме пристоен процент и добар процент на наплата на услугите, а и едното и другото се јавни претпријатија, или државни претпријатија, сега да ја ублажниме малку работата па ќе одиме заедно и ќе имаме некој процент измеѓу. Што со тоа добиваме? Веројатно добиваме штета на сметка на јавното претпријатие Електростопанство бидејќи сепак приходите драстично ќе се намалат, но и мене ми е плус еден факт многу битен, а тоа е дека во член 75, или некаде понатаму воопшто не е предвидено како тоа ќе се дефинира и ќе се работи понатаму. Јас сум убеден дека самиот факт што ќе се бара за радиодифузна такса да се оди на заедничка сметка ќе повлече доста компликации. Не дај боже да се одлучи процентуално да се зема од купот, ненаплатено - наплатено, бидејќи навистина не знам како се замислува ако евентуално се усвои членот онака како што е односно сега амандманот кој што го расправаме, мене воопшто не ми е јасно ан кој начин ќе се диференцираат кој пари на кого се, бидејќи во член 74, на кој се повикува членот 75 стои дека регистарот на корисниците на радии ТВ приемниците во води Јавното радио дифузно претпријатие. Ако го води тој регистер радиодифузното

претпријатие, па ве молам кажете ми како секој месец ажурно ќе се ажурираат преку 300 илјади корисници во сметките на Јавното претпријатие за Електростопанство. Ќе извините но сепак е замашна работа која треба секој месец упорно да се обавува. Мислам дека сепак ова решение не да не е среќно одбрано, туку сепак е многу несреќно, бидејќи народски речено мешаме "баби и жаби". Би ги повикал сите пратеници да гласаат за усвојување на овој амандман со желба од едно добро и едно лошо да не направиме две лиши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мола, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам, нека влезат пратениците во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предложениот амандман, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 6 став 1, поднесен од пратениците Благоја Стојковски, Никола Р. Поповски и Слободан Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Еве што станува. Мислам дека нема никаков проблем, стои "радиодифузната такса е транзитен приход на Буџетот на Републиката". Предложив само напред да стои "наплатената радиодифузна такса е транзитен приход на Буџетот на Републиката". Нема никаков проблем од причина што комуналната такса сега што ја наплатуваме за улично осветлување со некои општински собранија имаме тешки расправии. Она што го фактурираме на граѓани, мислат дека треба да им го дадеме. Парите што доаѓаат во нивните буџети не ни ги враќаат, а ние немаме наплата 100%. Само таа причина, ништо друго - "наплатената радиодифузна такса", ништо друго.

XV/2.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Од Комисијата за сообраќај и врски има прифатено од предлагачот амандман на член 76 кој ја менува ситуацијата околу транзитниот Буџет, така што со тоа се е решено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 77 алинеја 4, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1 алинеја 4, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

XV/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Панчо Минов има збор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Амандманот се состои во тоа во распоредот на средствата собрани од радиодифузната такса, делот што е за локалните медиуми да се прецизира, да се однесува за постојните 29 локални радиостаници, кои досега беа основани по претходниот Закон за радиодифузија Несфатливо ми е неприфаќањето од страна на предлагачот, бидејќи тоа не кореспондира и со определбата од член 92 на самиот предлагач, каде се одредува дека постојните 29 радиостаници кои се основачи со претходниот Закон за радиодифузија кој сега го менуваме со нов закон, го задржуваат јавниот карактер на постојните општини по новата поделба на територијата на Република Македонија со нови општини. Што значи, една гаранција и обезбедување на заложбата и на самиот предлагач за единствено јавно функционирање на радиодифузната дејност, што значи како на територијата на Републиката;, така и на локални нивоа. На тие локални нивоа инаку преку постојните локални радиостаници, кои досега вршеа радиодифузна дејност од јавен карактер на локално ниво, фактички беа укомпонирани во единствениот систем на јавната радиодифузна дејност и ако е тоа цел и на законот ако веќе предлагачот за такво нешто се определил во членот 92, сосема е логично, издржано и аргументирано оваа намена на тие средства да се однесува на тие локални радиостаници, да се прецизира, со цел тоа да биде еден прилог со финансиско обезбедување на поткрепа и основа за функционирање на единствениот јавен карактер на радиодифузната дејност, што значи, како на републичко ниво, за кое се определува предлагачот и со посебен закон, така и за функционирање на јавниот карактер на радиодифузијата на локални нивоа. Тоа е моето објаснување.

XV/4.-

Тоа не е спротивно со концептот на Законот, тоа не е спротивно со целта што се сака во духот и содржината на овој за- кон и затоа препорачувам до пратениците овој амандман да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1, поднесен од пратениците Ристо Марковски и Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, според понуденото решение во членот 77 од овој закон за распределба на средствата што ќе се соберат од претплатата на давачката за радиотелевизија, за локалните радиостаници предвидуваат да се издвојат само 5%. Со тоа, со овие средства постојните локални радиостаници мислам дека не можат успешно да ги извршуваат своите задачи и тие треба да се зголемат.

XV/5.-

Со амандманот што го поднесовме со колегата Ристо Марковски бараме овие средства да се зголемат од 5% на 7,5%. Господа, за Македонската радиотелевизија се предвидуваат 85% од средствата што треба да се соберат од наплата на претплатата за радиотелевизија и тоа 61% за создавање и емитување на програма од интерес на држа- вата, 16,5% за изградба и одржување на радиодифузната мрежа и 7,5% за развој и техничка опременост на Македонската телевизија. Зошто едно мало делче од овие 7,5% што се предвидуваат за развој и техничка опременост на Македонската телевизија не се издвои и за локалните радиостаници. И тие треба да се опремуваат. Јас се надевам дека овој амандман ќе биде поддржан.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1, алинеја 5, поднесен од Комисијата за сообраќај и врски и пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека е нерационално да инсистирам да се прифати мојот амандман, кога веќе не се прифати амандманот за 7,5% предложен од пратеникот Тантаров и неговиот колега, тогаш илузорно е јас тука да се наметнувам.

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 78, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајаноска, Ристо Николоски, Владимир Станковски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ма збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 87, 89 и 93 и за менување на член 90, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И на крајот некако сме начисто со ова што го изјавивме за време на расправата по овој закон. На некој начин преку амандмани иако само еден прифатен, ние нарочно сакавме да го игнорираме до крај овој законски проект и навистина за нас околу 40 членови кои ги оспорувавме и со одбраната скоро на сите од нив сакавме да остане овој проект таков, табула раса, бела табличка, чиста хартија и намерата се знае. Затоа, овие членови 87, 89 и 93 се бришат, затоа што се поврзани со претходните амандмани. Намерно да направиме 40 амандмани, некако ги собравме во 12 и во членот 90 со една добра намера баравме да се

преиначи делумно овој член и дека постојните трговски радиодифузни друштва, односно досега како што беа претходните радиотелевизии, треба автоматски да добијат кон- цесија. Тоа би требало да биде така за вршење на радиодифузната дејност, т.е. да се признае статус квото, како што се и само да се приклучат во радиодифузниот систем, да се адаптираат нормално на новите законски услови и да продолжат со работа без било какви пречки.

Меѓутоа, додека во членот 90 се преиначува со адекватна исправка што, ако постојните радиодифузни друштва што нема да добијат концесија за вршење на радиодифузната дејност, во практиката, ве уверувам не само што нема да престанат со работа, со завршување на постапката за доделување на концесија, според член 89 на овој Предлог на законот, ќе се основаат и низа други и сите ќе имаат под- дршка од страна на граѓаните.

Затоа, посебно и поради стабилноста на земјава предлагам на крајот иако се знаат таквите наши ставови, да не направиме конфузија или проблеми без потреба во оваа држава, на нашата убава и сиромашна барем овој, ако сакате, но не морате, овој амандман да се прифати од страна на Собранието.

Сметам дека другарот, господин министер Бузлевски или немал време доволно или не го проучил доволно овој амандман. Инаку, нормално ќе беше за цела Македонија велам, тоа не е само за албанците, овој амандман да се прифати.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 92, за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и пратениците Бранко Арсовски и Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој од пратениците бара збор?

Господин Арсовски го повлекува амандманот.

Во меѓувреме, пратеникот Марјан Начевски поднесе амандман на член 14 став 3, член 16 за додавање нов став 2, член 51 став 1 и на член 56 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Начевски поднесе амандман на член 55 кој е со иста содржина со амандманот на истиот член, поднесен од пратеникот Љубисав Иванов што Владата го прифати и е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Газменд Ајдарага, Џеладин Мурати, Ризван Сулејмани и Сејфедин Харуни поднесоа амандман на член 25 став 2 и на член 29 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани за менување на член 24 и за бришење на член 32 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 72 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандман на член 72 за менување на став 4 и на член 15 за додавање член 75 за додавање нов став 3 по ставот 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 72 став 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панче Насев, поднесе амандман на член 73 за менување на став 1 и за додавање нов став по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Здравко Стојковски, Александар Ивановски, Јован Николов, Љупчо Беличев, Драган Горѓиев, Борис Павлов и Александар Јакимовски и Ристо Трајков, поднесоа амандман на член 73 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 73 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Трпеновски поднесе амандман на член 7 2 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 3, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Господинот Начевски го повлекува амандманот. Отворам претрес по амандманот за менување на член 24, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од пратениците Газменд Ајдарага, Џеладин Мурати, Ризван Сулејмани и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот на член 25 став 2 го прифаќаме. Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 став 1, поднесен од пратениците Газменд Ајдарага, Џеладин Мурати, Ризван Сулејмани и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Членот 29, став 1 Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, извесен број на пратеници не има уште од стариот состав, па ние кои што сме од стариот состав убаво се сеќаваме на моментот на изгласување на Уставот на РМ, уште во 1991 година и расправата што се водеше по однос на прашањето на отповикливоста, односно неотповикливоста на пратениците. Во таа смисла станува збор и во овој амандман. Ние кога се донесе Уставот на РМ, едвај помина тоа што е напишано во уставот, пратениците да бидат неотповикливи. Јас гласав за тоа да бидат отповикливи. Меѓутоа се усвои така како што мнозинството гласаше и станаа пратениците неотповикливи.

Досега во практиката која што ја имаме овде при донесување на закони, ваква работа што е предвидена во овој Закон нема. Не знам сега кои се поважни. Дали членовите на Советот, кои мораат да бидат неотповикливи, или пак пратениците. Јас оваа работа не можам да ја разберам и заради тоа ние напишавме амандман кој што мислам дека е прифатлив . Може да се случи сешто па дајте да ги оставиме да не ги допираме воопшто. Ако така мислите нека си останат, само мислам дека една таква работа не држи, во никој случај. И заради тоа го поднесовме амандманот. Јас мислам дека министерот овој амандман ќе го усвои. Тој го усвои претходниот кој го има и на комисија. Меѓутоа, мислам дека овој амандман треба да се прифати заправо поради ова. Каква е таа логика да не можат да бидат отповикливи. Работата е тие да можат да бидат отповикани во одредени случаи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (24 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 32, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратеникот Марјан Начевски. (го повлекува г-дин Начевски амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 56 поднесен од пратеникот Марјан Начевски. (го повлекува г-дин Начевски амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 72 за менување на став 4 поднесен од пратеникот Ване Наумовски. (го повлекува амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 72 за додавање нов став 4 по став 3 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас очекував овој амандман министерот Бузлевски да го прифати, меѓутоа не го прифати, па сега мора едно мало образложение.

Почитувани пратеници, како што е познато во нашава држава во ридско - планинските и пограничните села живеат околу 30 илјади домаќинства. Како работат и живеат, од тоа што го работат знаат

само тие селани што живеат на овие подрачја. Можам да речам дека живеат во една апсолутна сиромаштија, во услови што не се достојни за живот на прагот на 21 век.

За надминување на овие состојби последниве години Владата на РМ, преку својата агенција за развој на недоволно развиените подрачја вложува огромни средства. На овој план, мораме да повториме, во изминатиов период се изградени во многу села водоводи, патишта, улици, училишта, здравствени амбуланти и се што му треба од областа од селските комуналии . Покрај ова, земјоделците се ослободени од плаќање на данок од земјоделска дејност, а во поново време во пограничните села Владата на овие земјоделци му го плаќа и придонесот за пензиско и здравствено осигурување. Значи, Владата на РМ вложува огромни средства за да се стопира раселувањето на овие села и нивните жители секако го ценат овој ангажман на Владата. Имајќи ги предвид овие ангажмани на нашата Владата во овие селски средини, мислам дека корисниците на радио-телевизиските приемници од ритско -планинските и пограничните села треба да бидат ослободени од плаќање на оваа такса.

Господо пратеници, ако овие селани имаат средства Владата немаше да интервенира во решавањето на нивните проблеми од областа на сите комуналии во селото. Јас се надевам дека овој амандман ќе биде прифатен и пред Велигден нашиве селани од овие подрачја ќе ви благодарат многу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (23 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 72 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Димитар Трпеновски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузелвски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Трпеновски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 72, став 6 поднесен од пратениот Бранко Арсовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот на член 72, став 6 од пратеникот Бранко Арсовски

Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОБСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 73 за менување на став 1 и за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Панче Начев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот на член 73, став 1 поднесен од пратеникот Панче Насев Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Панче насев има збор.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас би бил среќен кога овој амандман Владата би можела да го прифати, а и вие пратениците, затоа што мислам дека е доста праведен со својата суштина. Имено, јас го имам поднесено амандманот и зад него стојат илјада потписи на група

граѓани од Штип, ова веројатно го има и министерот добиено, кои се свесни дека на РМ и треба телевизија, дека таа телевизија треба да се плаќа и дека таа чини и тн меѓутоа, тие сакаат издржувањето на телевизијата да го поделат така што оние кои имаат поголем» примања повеќе да платат, а оние што имаат помали примања, помалку да платат и на тој начин сумата да биде иста, но распоредот на давањата да биде различен. Тие предлагаат да се зафаќаат 2% од нето личните плати. Ако некој има поголема плата, значи да плати повеќе, кој има мала плата, да плати помалку. На тој начин практично ќе се соберат исти средства, само распоредот ќе биде на давањето на парите или повеќе ќе се соберат, ќе биде посоцијализиран.

Второ, се предлага од оваа иста група граѓани со 1000 потпис луѓето кои имаат испод 3.000 денари плата да не плаќаат воопшто телевизиски додаток .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. О

творам претрес по амандманот на член 7 3 став 1 поднесен од пратениците Здравко Стојковски, Александар Ивановски, Јован Николов, Љупчо Беличев, Драган Георгиев, Борис Павлов, Александар Јакимовски и Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе-

Г-дин Бузелвски

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Јанкуловски:

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се претпоставуваше од многу пратеници дека овој амандман ќе биде прифатени, меѓутоа тоа не се оствари, како што гледате, за жал, но сметам дека и предлагам сите овој амандман да го прифатиме. Мораме да ја имаме предвид состојбата во државата, оние пензионери со ниски пензии, оние работници кои не примаат плати и да не редам натаму, па затоа предлагам и да ен должам овој амандман да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Г-дин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Г-дин претседателе, почитувани пратеници, нашата пратеничка група околу оваа работа има став и сакам уште еднаш да го потенцирам, а тоа е 2%. Ние тоа го разгледувавме поопстојно и сега, да речеме има 2,5%, тоа е отпосле овој амандман, значи сакаме да направиме тука некој компромис. Меѓутоа, карактеристично е образложението. Таму се вели за да се собира повеќе како пример го земаат Словенија каде има 1,8% од просечна плата. Значи, образложениот 1,8% во Словенија. Ние предлагаме 2%, бидејќи нашата основа е нереална. Основата е висока 2%. Словенците имаат многу полесна работа да одвојат и 2% и 2,5% а ние имаме проблем во тоа. Мислам реално е да се судри , ние можеме на крај и тоа да го поддржиме, меѓутоа реално е 2% и мислам дека тие 2% ќе донесат резултати повеќе од она што ги имаме со 4%. Само сакам

да кажам дека остануваме на тоа како образложение и дека тоа е издржано, дека не се отпосле понесува, туку е на база на една анализа и дека е тоа издржано. Сега можеме и ова да го поддржиме, бидејќи друго и не можеме да направиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Наќевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги и пратеници, во Словенија е точно 2.400 долари е. Тоа е околу 30 марки. Тоа е во противвредност на 30 германски марки:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас ќе го поддржам ќе гласам за него и ќе ги замолам другите колеги да гласаат за овој амандман. Вечерва слушнавме, всушност, после пладне и вечерва слушнавме од колегите пратеници доста додворување до бирачите, до ридско - планинските подрачја, додворување до телевизија, до локалните радио станици па еве на крајот се најде замерка и на образложението на овој амандман за 1,8%. Меѓутоа, свесни за целокупната состојба и во државата и за социјалната структура на нашето граѓанство и за состојбата во која што се наоѓа Радио-телевизија Скопје, како државна телевизија радиодифузната мрежа во нашата држава, свесни сме дека треба нешто да се издвои, а од друга страна свесни сме дека и граѓаните се оптоварени со јавните давачки. Така што овој амандман е еден компромис, кој што компромис ја намалува јавната давачка за 50-60 денари и тоа не е малку за нашиот граѓанин. Јас апелирам да го изгласаме овој амандман во прилог и на Македонската телевизија , а во прилог и на граѓаните на РМ.

XVI/8

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Амди Бајрам.

**АБДИ БАРЈАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги и пратеници. Мислам дека цело време овде расправаме за радиодифузија за законот да го донесеме. Ние за Буџетот толку не расправавме, за државата кога го носевме, отколку сега што расправаме за една ситна работа за 2%, 3%, за 1% и некој за 0%. Па, ние не сме социјална држава се да ослободиме од плаќање. Нормално дека Македонската телевизија има свои вработени таму и тие луѓе треба да живеат и да примаат личен доход.

Јас лично како ром и претставник на партијата на Сојузот на ромите, мислам дека ние ромите сме најзагрозени од Македонската телевизија, затоа што ние ромите двапати неделно имаме по 30 мин. Кога ние не се буниме, мислам дека вие ни најмалку не треба никој да се буните. Јас се сложувам и на 3%, но најдобро би било овој амандман што го имаат предложено со 2,5%, да се сложиме да го изгласаме и го поддржувам тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Даневски има збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Не знам дали сме социјална држава или не сме социјална држава многу луѓе некаде 250.000 се невработени и толку ен земаат плата , сега на г-динот Абди му давате да зборува а мене не ми давате. Имено, тој тврди дека оваа држава не е социјална. Јас зборувам дека е социјална, дека расте бројот на социјално загрозените и дека не земаат плата. Ако г-динот Абди може да плаќа и 3 и 5 тој може да издвојува по 50% плата или од добивката. Овде се зборува за граѓаните и најреално беше 1%. Сето ова другото е шминка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (56 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 73 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 73 за додавање на нов став 2 по ставот 1 , поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Мислам дека немаше потреба министерот да го одбие овој амандман заради тоа што ниту ја нарушува концепцијата на законот, ниту задира во финансиите, само помага на оние подрачја и населени места каде што радио-телевизискиот сигнал не може да обезбеди прием и следење на програми што ги следи поширокото подрачје. Според тоа Советот треба да биде присутен на лице место и да и предложи на Владата корекција во таксата. На пример Вие во Скопје гледате три програми, јас во Македонска Каменица гледам две, а во Саса гледаат една. Нели е ова простор во кој треба да бидеме рамноправни во следење на програмата.

Мислам дека пратениците ќе го уважат моето укажување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Слободан Даневски има процедурална прашање.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**

Г-дине претседателе кога се гласаше за амандманот, во салата немаше 60 пратеници. Ве молам да се пребројат присутните пратеници во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дајте ми точен податок за присутни пратеници во салата.

Ме известија дека во салата се присутни 61 пратеник.

Има збор г-динот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа , мислам дека треба да се подржи амандманот на мојот колега од едноставна причина што многу региони во Република Македонија се наоѓаат во нерамноправна положба. Сите граѓани и досега плаќаа иста ТВ претплата, а во исто време се случува некои градови да гледаат и по три програми. Велес конкретно гледаше само прва и втора програма, а околината на Велес гледа само права програма.

Ние сега зборуваме за едно пазарно стопанство во кое треба да владеат пазарни услови, па во овој случај мислам дека треба да се направи една поделба во смисла на онаа поделба што ја предлага мојот колега. Затоа мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Амандманот што е поднесен на член 73, став 1, од страна на г-динот Здравко Стојковски, оваа материја е уредена во член 72 став од законот. Тука е поконкретно уредено ова прашање и се вели: "по исклучок од став 1 на овој член Владата на РМ на предлог на советот ќе определи кои корисници на радио и ТВ приемници, како и подрачја кои не се покриени со квалитетен радио ТВ сигнал нема да плаќаат радиодифузна такса".

Би го молел министерот ако сака уште еднаш да објасни.

Во член 72 став 3 стои: "Како и подрачја кои не се покриени со квалитетен радиотелевизиски сигнал".

Што се мисли под тоа квалитетен радиотелевизиски сигнал. Дали се тоа подрачја кои гледаат прва, втора и трета ТВ програма, меѓутоа неквалитетно ја гледаат, или се мисли на квалитетен радио телевизиски сигнал на подрачја кои одлично ја гледаат прва програма, имаат значи квалитетен сигнал, меѓутоа во исто време не гледаат втора и трета програма.

Се плашам дека со прифаќањето на ваквата формулација, како што стои, ќе се случува и понатаму онаа практика што и сега постои, поголем дел од Македонија да не гледа ниту квалитетно, ниту пак неквалитетно, некаде втора, а некаде и втора и трета програма. Само заради тоа беше на поддршката на амандманот на колегата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сугерирав, со прифаќањето на амандманот на член 7 3 став 1 се промени битно состојбата.

Сакам да кажам дека целта на амандманот што се предлага, сугерирам Владата во членот 73 став 2, во одлуката, да го вгради, доколку може, или го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Молам колку пратеници се присутни во салата.

Добро, г-динот Даневски не гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Констатирам дека Собранието го донесе законот за радиодифузната дејност.

XVII/5.-

Очигледно нема спремност да продолжиме со работа натаму, а јас мислев, бидејќи станува збор за предлози за донесување на закони и една многу важна одлука за распишување на конкурс за избор на судии, но, добро, тогаш ми останува да Ви ги честитам Велигденските и Првомајските празници и да се видиме овде во среда на 7 мај, во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,30 часот).